ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА СЛОВАЧКА | СТРАТЕГИСКИТЕ КОНЦЕПТИ НА НАТО | РЕЛЕВАНТНОСТА НА СУН ЦУ ДЕНЕС | АРМИСКИ ПЕТОБОЈ

# ШТИТ

Број 114
Април 2019

ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



Свечено одбележан Денот на Полкот за специјални операции

# 25 ГОДИНИ СИЛИ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ




# Одбранбени

Република Северна Македонија и САД ги обновија билатералните одбранбени консултации. Во насока на продлабочена одбранбена соработка, а со цел зајакнување на сојузништвото, на 12 март заменик-помошничката секретар за одбрана на САД, Лора Купер, со експертски тим од Пентагон одржаа експертски консултации со тимови од Министерството за одбрана и Армијата.

На почетокот од работниот состанок, министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, ги поздрави заменик-помошничката на секретарот за одбрана на САД, Лора Купер, и тимот од Пентагон, и потенцираше дека зачестените состаноци, како и реализираната работната посета на САД, меѓу кои и средбата со Патрик Шанахан, кој ја врши должноста секертар за одбрана на САД, покажуваат дека двете земји од партнери преминуваат во сојузници.

„Задоволни сме од напредокот на реформите во одбраната, а успешниот пат кон НАТО ни овозможи да се состанеме со вашиот тим како земја чиј Протокол за пристапување во Алијансата е потпишан и веќе ратификуван од повеќе соседни земји. Продолжуваме со реформите во одбраната во чие спроведување имаме огромна поддршка од САД" – истакна министерката.

Еден од приоритетите за соработката во одбраната со САД за годинава е асистенција и поддршка на имплементацијата на Стратегискиот одбранбен преглед.

Заменик-помошничката на секретарот за одбрана на САД Лора Купер, меѓу другото, истакна дека



# консултации

напредокот во последните 16 месеци е огромен, иако во првиот момент планот за реформи во одбраната и членството во НАТО изгледале преамбициозни. „Стратегискиот одбранбен преглед и реформите во одбраната се веќе во фаза на имплементација, амбицијата за зачленување во НАТО се реализира, а Протоколот за пристапување веќе се ратификува во земјите-членки” – потенцираше Купер. Таа најави и скорешно потпишување на нов Договор за билатерална соработка во одбраната меѓу САД и Република Северна Македонија.
Двете делегации разменија информации за безбедносната ситуација во регионот, за идните планови за засилување на сите елементи на билатералната соработка во одбранбеното планирање, за трансформацијата на Министерството и Армијата, за плановите за модернизација и опремување на Армијата, како и за можностите за поддршка од страна на САД во нови обуки, заеднички вежби и учество на припадниците на Армијата во НАТО операции.







# содржина

ШТИТ ▌година XI ▌број 114 ▌април 2019


Инфо
**Стратешкото партнерство со САД продолжува** 5

Инфо
**„Перспективите на македонското членство во НАТО“** 7

Нато-армии
**Вооружените сили на Словачка** 10

НАТО
**Стратегиските концепти на НАТО** 12

На прва линија
**Русија и балтичките држави – „тврда“ и „мека“ моќ како компоненти на енергетската дипломатија** 14

Едукација
**Главна планирачка конференција за вежбата „Joint Reaction 19“** 18

Едукација
**Релевантноста на Сун Цу денес** 21

24 часа
**Свечена заклетва на 37. генерација војници на доброволно служење во Армијата** 24

24 часа
**Армиски петобој** 28

Вооружување
**„Hawk 200“** 32

Средби
**Средба со генерал-мајорот во пензија Зоран Димов** 34

Глобал
**Забрана за нуклеарните оружја** 42

Низ историјата
**Гаѓање со контрамарш – револуционерен воен пронајдок од XVI век** 45

# Хуманоста, пред сè

Преку написите во „Штит“ се стремиме објективно да информираме за повеќето настани кои се случуваат во касарните, на вежбите, да информираме за тековните збиднувања во нашата држава кои се однесуваат на одбранбениот сектор, да пишуваме за меѓународната соработка, средбите и активностите на раководниот персонал на чело со министерката за одбрана и началникот на Генералштабот, особено во врска со последните настани во врска со активностите во рамките на идното членство во НАТО и во ЕУ. Ги информираме читателите за најсовремените видови оружја, објавуваме анализи и написи на определена тема итн. Се наоѓа простор и за разговор со видни личности, но и полесни и забавни теми, промоција на книга, филм со воена содржина...
Овој уводник им го посветувам на соработниците кои со своите написи не забораваат да нè информираат и да нè потсетат на хуманата димензија на воениот позив. Имавме написи за ангажманот на Армијата при поплавите кои ја погодија нашата држава пред неколку години, кога припадниците на Армијата беа меѓу првите кои со опрема и персонал излегоа на терен и се справуваа со последиците од надојдената вода. Со денови и недели по несреќата припадниците на Армијата му помагаа на населението во отстранување на последиците од несреќата. Пишувавме за акциите за гаснење на големите шумски пожари во кои учествуваа и припадниците на Армијата и за поддршката на полицијата во справувањето со мигрантската криза. Пишувавме за ангажманот на припадниците на Воздухопловната бригада, кои со своите воздухоплови ги доставуваа неопходните продукти до жителите на селата кои беа завеани во зимскиот период.
Во овој број во текстот за свечениот чин на војничката заклетва беше споменато дека носењето на униформата на Армијата е гордост и привилегија но, исто така, и одговорност, хуманост и пожртвуваност, потсетувајќи нè на тешката автобуска несреќа кај селото Ласкарци, кога четворица војници на Армијата, самоиницијативно, применувајќи ги стекнатите вештини и знаења, со храброст и лично залагање, навремено укажаа помош при извлекување на настраданите.
Одбележувањето на Денот на единицата подразбира и многубројни хуманитарни акции за кои информираме, како крводарителни и акции во донација на храна и друг вид неопходни продукти за социјално загрозени семејства.
Нашата соработничка од Куманово, во овој број, известува за хуманата акција на припадниците на 1. механизиран пешадиски баталјон и на припадниците на Здружената оперативна команда, кои собраа и донираа пакети со прехранбени и друг вид продукти за згрижувачко семејство. Во овој број таа информира и за благородната акција за пошумување на голите ридови над Куманово, каде рамо до рамо со граѓаните пошумуваа и припадниците на Армијата.
Припадниците на Армијата со своите активности, постигнатите резултати и дела покажуваат дека се врвни професионалци, добро обучени и воено подготвени да се справуваат со безбедносните предизвици ширум светот, но со своите дела покажуваат и дека имаат високи морални доблести, дека го сакаат својот народ и дека хуманоста им е пред сè.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„ФЕНИКС ПРИНТ“
ДООЕЛ Кочани

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Стратешкото партнерството со САД продолжува

Министерката за одбрана на Република Северна Македонија, Радмила Шекеринска, од 5 до 9 март беше во работна посета на Соединетите Американски Држави, каде што оствари средби со високи претставници во Пентагон, Белата куќа и Стејт департментот, со сенатори, конгресмени и НАТО дипломати.

Фокус на работната посета беше обезбедување на поддршка за побрза ратификација на Протоколот за пристапување во НАТО на Република Северна Македонија.

На 7 март министерката имаше билатерална средба со секретарот за одбрана на САД, Патрик Шанахан, кој упати искрени честитки за успешното решавање на спорот со Грција, истакнувајќи дека тоа претставува модел за решавање на спорови меѓу две држави, кои долго време изгледале нерешливи. На средбата уште еднаш беше потврдено стратешкото партнерство меѓу САД и Република Северна Македонија, а министерката Шекеринска и секретарот Шанахан се согласија за продлабочување на соработката во одбраната и нејзино издигнување на ниво какво што доликува на сојузници во Алијансата.

Во Вашингтон министерката оствари поединечни средби со: сенаторката Џин Шахин, сенаторот Рон Џонсон, директорот на Агенцијата за одбранбено разузнавање (DIA), генерал-потполковникот Роберт Ашли, директорот за европски прашања Вилијам Беркли, како и со советничката на потпретседателот на САД Мајк Пенс, Лаура Габриел Кован. Високите претставници на Белата куќа ја пренесоа силната поддршка на САД за членството на Северна Македонија во НАТО и упатија честитки за „силното и инспиративно лидерство – пример за храброст, пожртвуваност и фокусираност кон иднината“ на Владата, која преку реформските процеси и силната политичка волја, обезбедила аргументи со кои ја освојува поддршката и од

„Добивме силни пораки на поддршка и честитки за лидерството, партнерството со САД продолжува“



најголемите скептици.
На средбите со високите претставници во Стејт департментот, Мајкл Марфи и Стенли Браун, министерката Шекеринска доби честитки за Договорот од Преспа, кој ја претставува нашата земја „како успешна приказна за Балканот и за цела Европа“. Тие високо ги оценија реформите во одбраната и ги нарекоа силни аргументи за заложбите за побрза ратификација на Протоколот. Помошник-секретарот во Стејт департментот, Мајкл Марфи, потенцираше дека најавата за достигнување на 2% од БДП за одбраната и издвојувањето на 20% од буџетот на одбраната за модернизација, се реформски мерки кои во САД имаат поддршка и од републиканците и од демократите.
На средбите во Пентагон и во Стејт департментот било пренесено дека подготовките за ратификација на Протоколот се во тек. Во Сенатот има надеж дека процесот во САД ќе почне есенва, со цел ратификацијата да биде комплетирана пред Самитот на НАТО во Лондон.
Министерката за време на својата работна посета со воведно излагање се обрати на НАТО-конференцијата за градење интегритет на тема „Градење на способни и одговорни институции за зајакнување на нашите партнерства“, учествуваше на дебата организирана од влијателниот тинк-тенк „German Marshal Fund“ на тема: „НАТО и пошироко“, на која ги објасни заложбите за побрза ратификација на Протоколот, додека на престижниот Национален одбранбен универзитет одржа предавање на тема „Република Северна Македонија во НАТО – унапредување на безбедноста на Балканот“, каде што зборуваше за исчекорот во интегративните процеси, придонесот кон регионалната стабилност и економскиот ефект од членството во НАТО, притоа нагласувајќи дека напредокот е резултат на силното лидерство на Владата која успеа да ги затвори отворените прашања со соседите и да спроведе реформи.
Министерката пред присутните студенти, академската заедница и претставниците на тинк-тенк организации, одговараше на прашања поврзани со регионалната стабилност и улогата на Северна Македонија како извозник на стабилност и лидер на позитивните промени во регионот.
На покана на шефот на Бирото на националната гарда на САД, генерал Џозеф. Л. Ленгејл, а во придружба на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, министерката присуствуваше на прием по повод стратешкото партнерство на нашата армија со Националната гарда на Вермонт.
На приемот, на кој присуствуваа значајни гости од Националната гарда на Вермонт, Пентагон и Националниот колеџ за безбедност, беше реафирмирана силната поддршка за членство на Северна Македонија во НАТО, а воедно и побрза ратификација на Протоколот за пристапување.
Пораката за поддршка за побрза ратификација на Протоколот министерката ја пренесе и на состанокот со Хедер Конли и влијателни американски професори и експерти во Центарот за стратегиски и меѓународни студии (CSIS), на средбата во Меѓународниот републикански институт (IRI) со претседателот Даниел Твининг и на средбата со претседателот на Националниот демократски институт (NDI), Дерек Мичел.
Министерката ја заокружи работната посета во САД со средби со конгресмените Мајк Тарнер и Адам Смит, на кои беа повторени пораките на поддршка за членството на Македонија во НАТО и честитките за одлучноста во решавањето на спорот кој стоеше на нашиот пат кон Алијансата. Беше потврдена одличната билатерална соработка во одбраната меѓу двете земји која, со новата позиција на Северна Македонија во НАТО, ќе биде интензивирана.

Панде Димоска












# Дебатата е секогаш потребна и продуктивна

## „Перспективите  на македонското членство во НАТО“

Во текот на последниот период, период кој е еден од најзначајните за нашата држава, бидејќи сме на дофат на остварувањето на најважните стратегиски цели, членството во НАТО и започнување на преговорите со ЕУ, токму од конференциската сала на Факултетот за безбедност започнаа првите јавни трибини и дебати на оваа тема. Во оваа насока, како позначајна ќе ја спомeнеме научно-стручната расправа „Перспективите на македонското членство во НАТО“, на која учествуваа министерката за одбрана Радмила Шекеринска,  д-р Стево Пендаровски, национален координатор на РСМ за членство во НАТО, Виктор Габер, претседател на Дипломатскиот клуб, Даниела Баришиќ, амбасадор на Република Хрватска, Милан Јазбец, амбасадор на Република Словенија во РСМ, Зоран Јанковиќ, шеф на Канцеларијата на НАТО за врски во РСМ, професорот Раде Рајковчевски од Факултетот за безбедност, како и дипломатите Огнен Малески и Сашко Тодоровски од Дипломатскиот клуб.

Деканот на Факултетот за безбедност, Никола Дујовски, во своето поздравно обраќање до учесниците и гостите на расправата ја нагласи потребата од јавна дебата за секое прашање поврзано со развојот и напредокот на една демократска држава. Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, како прв воведничар кон темата се осврна на неколку круцијални настани кои се случија во последниот период,  пред сè учеството на состанокот на НАТО во Брисел, како и на Минхенската безбедносна конференција, на кои Република Северна Македонија беше во фокусот на разговорите. Таа истакна дека „НАТО членството не е само наша стратешка цел. На тоа гледаме како на шанса да ја подобриме државата и да го подобриме функционирањето и на институциите и на системот. Да се биде првиот министер на наша влада којашто учествува на состаноците на Северноатлантскиот совет беше и привилегија и чест, беше и момент на триумф на нашата земја. Триумф во поглед на нејзините граѓани, триумф во поглед на целата држава, триумф во поглед на остварувањето на стратешката цел“. Министерката изрази задоволство што земјите од регионот се првите кои го ратификуваа пристапниот протокол за членство во НАТО, што покажува дека регионот се променил и повеќе не е симбол за кавги и конфликти.

Стево Пендаровски како втор воведничар кон темата зборуваше за придобивките од македонското членство во НАТО, и тоа во однос на двете димензии, и надворешната и внатрешната, не заборавајќи да ги елаборира и предизвиците со кои треба да се соочиме како членка на НАТО. Кон дебатата со свои излагања се приклучија и Зоран Јанковиќ, шеф на Кацеларијата за врски на НАТО, кој зборуваше за современите безбедносни закани и за новиот стратегиски концепт на НАТО, соработката помеѓу НАТО и ЕУ и што очекува НАТО од Република Северна Македонија како идна членка. Потоа следуваа и видувањата и размислувањата на професорите од Факултетот за безбедност и дипломатите од Дипломатскиот клуб во однос на социополитичките и безбедносните импликации од членството во НАТО, по што се разви и плодотворна дискусија со целиот аудиториум и беа изведени заклучоци и препораки од оваа научно-стручна расправа.

> Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ е  високообразовна институција на која се школуваат кадри за потребите на безбедносниот сектор. Освен што се ангажирани во процесот на наставата, Деканатот и професорите од оваа реномирана институција секогаш наоѓаат време и можности активно да учествуваат и да организираат конференции, трибини, научни расправи и дебати на одредени актуелни теми




# „Женско лидерство во областа на безбедноста во Република Северна Македонија“

Повторно во организација на Факултетот за безбедност, бевме поканети на учество на конференцијата „Женско лидерство во областа на безбедноста во Република Северна Македонија“. На Конференцијата со свои излагања учествуваа претставници од сите институции кои се субјекти во системот за безбедност на РСМ, како и претставници на невладиниот сектор, приватната безбедност и меѓународните организации, кои во фокусот на својата работа ја имаат родовата рамноправност. Салата беше преполна, а воведни излагања имаа министерката за труд и социјална политика Мила Цароска, деканот на Факултетот за безбедност Никола Дујовски, претседателката на Комората за обезбедување Верица Милеска Стефановска, претседателката на Националниот совет за родова рамноправност Савка Тодоровска, претставничката на „UN Women“ Весна Ивановиќ и професорката од Факултетот за безбедност Марина Малиш Саздовска, која беше главниот иницијатор за одржување на оваа конференција.

Деканот на Факултетот за безбедност, Никола Дујовски, поздравувајќи ги

> Менаџирањето и раководењето е значаен елемент на правилно организиран, ефективен и ефикасен систем за безбедност, а бројот на жени-лидери во безбедносниот сектор сѐ уште е мал за да може да одговори на потребите на современото демократско општество кое се стреми да функционира на принципите на родовата рамноправност и родов баланс во сите негови сегменти

присутните, не заборави да спомене дека потребата од дебата и размена на мислења и искуства е неопходна во овој момент, особено во однос на тековните реформи во безбедносниот сектор, како услов за прием на земјата во колективното членство. Менаџирањето и раководењето е значаен елемент на правилно организиран, ефективен и ефикасен систем за безбедност, а бројот на жени-лидери во безбедносниот сектор сѐ уште е мал за да може да одговори на потребите на современото демократско општество кое се стреми да функционира на принципите на родовата рамноправност и родов баланс во сите негови сегменти. Затоа оваа конференција треба да биде мал придонес и поттик да се подобруваат состојбите на овој план. Воедно, деканот го промовираше и „Прирачникот за женско лидерство“, напишан од професорката Марина Малиш, кој е напишан со цел практично да го олесни патот за формирање на вистински жени-лидери во безбедносниот сектор.

Министерката за труд и социјална политика, Мила Цароска, во своето излагање најпрвин ја потврди констатацијата дека жените треба да бидат на истите маси со раководната структура во институциите и дека во духот на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста, тоа е особено значајно во безбедносниот сектор и дека треба уште многу да се работи во таа насока. Таа ја презентираше моменталната состојба со жените на раководни позиции во Собранието, со жени-градоначалници, жени-министри во Владата итн. Таа на крајот заклучи дека родовата еднаквост не е борба на жените за простор, туку борба да се

создаде општество каде подеднакво ќе се искористат човечките ресурси.
Претседателката на Комората за обезбедување, Верица Милеска Стефановска, во своето излагање преку лично искуство ни пренесе кои се предизвиците да се раководи со област во која професионално доминираат мажи, но и во однос на жените-раководители на големи компании во приватниот сектор, каде жените менаџери сè уште се малобројни, и тоа не само кај нас, туку и во европски рамки. Таа заклучи дека на жените останува да ја променат оваа состојба и да докажат дека жените „индивидуално се силни, но колективно се моќни“.
Претседателката на Националниот совет за родова рамноправност, Савка Тодоровска, е жена која долги години е на првата линија за постигнување на родовата еднаквост и елиминирањето на сите видови стереотипи, насилство и нееднаков третман врз жените во општеството. Таа своето излагање го започна со историски осврт на женското движење во Македонија, укажувајќи на проблемите во остварувањето на правата на жените. Таа, во однос на остварувањето на родовата рамноправност во едно општество, нагласи дека, пред сè, е потребна политика која ќе има разбирање за сите потреби и на мажите и на жените.
На нејзиното излагање се надоврза и Весна Ивановиќ, претставничката на „UN Women“ како организација која се стреми да се постигнат сите принципи на родовата рамноправност и да се изградат потребните капацитети за тоа. Таа се осврна на конфликтите во светот каде жените и децата се жртви и каде постои потреба од поголема вклученост на жените во процесите на посредување и преговарање за запирање на конфликтот и непријателствата. Таа нагласи дека вклученоста на жените-лидери во безбедносниот сектор е предуслов за остварување на одредбите од Резолуцијата на СБ 1325 и го нагласи ангажманот на „UN Women“ во развојот на НАП во нашата држава.
Професорката Марина Малиш се осврна

Родовата еднаквост не е борба на жените за простор, туку борба да се создаде општество каде подеднакво ќе се искористат човечките ресурси. Вклученоста на жените-лидери во безбедносниот сектор е предуслов за остварување на одредбите од Резолуцијата на СБ 1325

на состојбите со жените на раководни функции во оперативните организациски единици на МВР и заклучи дека е потребно да се промени стереотипот дека жените не можат соодветно да одговорат на предизвиците од раководењето и оперативното работење во овој сегмент.
Вториот панел од конференцијата им беше отстапен на поединечните излагања за состојбите со жените на раководни функции во повеќе институции од секторот безбедност. Хризантема Рендевска од Македонскиот полициски синдикат и началничка на СВР Струмица зборуваше за активностите на Синдикатот во однос на ова прашање, Маја Тимовска од Дирекцијата за заштита и спасување зборуваше за потребата од учество на жените во тимовите за спасување и пребарување, а потполковникот Страшо Стојчевски од Министерството за одбрана имаше презентација за состојбите во АРМ и МО. Тој, детаљно ги запозна присутните со сите активности кои се одвиваат во МО и АРМ за да се подобрат состојбите на полето на родовата рамноправност. Тој ја нагласи потребата од константна обука и промоција на принципите на родовата рамноправност во одбраната, за што веќе има солиден басен од 14 НАТО-сертифицирани родови обучувачи, кои во изминатиов период одржуваа константна обука во сите организациони единици на МО и АРМ на различни теми поврзани со родот.
По презентациите се разви плодна дискусија, се поставуваа многу прашања, а Министерството за одбрана беше јавно посочено како лидер во ангажманот и посветеноста во имплементацијата на родовата рамноправност и родовите перспективи во институцијата.
И овојпат можеме да констатираме дека дебатата која се разви и заклучоците кои произлегоа од оваа конференција дополнително нè мотивираа за понатамошен ангажман и соработка помеѓу институциите во безбедносниот сектор, со цел постојано да се зајакнува и да се развива нашето општество.

д-р Жанет Ристоска





# Вооружените сили на Словачка

Во состав на ВС на Словачка се единици на Копнената војска, на Воeното воздухопловство и на Санитетската служба. Копнените сили се состојат од: Команда на копнената војска (министерот за одбрана, на предлог на началникот на ГШ, го поставува и го разрешува командантот на командата на копнената војска); 1. механизирана пешадиска бригада (1.мпбр), во состав: 3 механизирани баталјони, Инженериски баталјон, Баталјон ПНХБО и Артилериска ракетна батерија 122мм; 2. мешовита пешадиска бригада, во состав: еден мешовит, еден механизиран и еден моторизиран баталјон, Извидувачки баталјон и Самооден артилериски баталјон; Бригада за логистичка поддршка; Бригада за поддршка; Полк за специјални операции (составен од: штаб, борбен елемент и елемент за поддршка); Баталјон за врски;Команда за обука; Баталјон за почести; Национален центар за отстранување експлозивни направи; елементи за CIMIC и PSYOPS.

Република Словачка се приклучи на програмата на НАТО, Партнерство за мир, во 1994 година, а полноправна членка на Алијансата е од 2004 година

Единиците се опремени со: пешадиско вооружување: автоматски пушки 7,62мм M58V, снајперски пушки 7,62мм SVD, пушкомитралези 7,62мм M59, пиштоли M82, рачни фрлачи на гранати RPG 7 и RPG 75; тенкови Т-72; борбени оклопни возила BVP-1, BVP-2, Tatrapan AMB и Aligator; противтенковски системи: 9M113, 9P148 Konkurs, 9K113, Carl-Gustaf M4 и бесповлечни топови 98мм M97; артилерија: самоодни хаубици 122мм M70/85 и минофрлачи 98мм и 82мм. Воeното воздухопловство, кое е и дел од НАТО-интегрираниот систем за ПВО NATINAMDS, се состои од: Тактички винг; Транспортен винг; Хеликоптерски винг; Бригада за противвоздушна одбрана (ПВО).

Единиците се опремени со: авиони: борбени „MiG-29“, транспорни „Spartan C-27J“ и „L-410“ (UVP E20, UVP E и FG) и за обука „L-39“. Воздухопловната флота „MiG-29“ се планира во блиска иднина да биде заменета со нови „JAS-39 Gripen“ (Шведска); хеликоптери: „Mi-17 M“ и „UH-60 M Black Hawk“; ПВО системи: S-300 PMU (SA-10 Grumble), 2K12 KUB 2M (SA-6 Gainful) и PLRK Igla (SA-18 Grouse).

Санитетската служба: Команда (Директорат); Оддел за воено здравство; организациска единица (за управување и координација на задачите, планирање и организирање на здравствената заштита на ВС); Оддел за медицинска поддршка; Оддел за логистика; Оддел за специјалистичка медицина и обука; Оддел за ветеринарна поддршка.

Одбранбени прашања: Буџетот за одбраната е скромен, но бележи раст. Во 2013 г. тој изнесувал 798 милиони евра, или 1% од БДП, од кога бележи раст, и за 2018 г. биле проектирани 1,08 милијарди евра, што е 1,22 од БДП на државата.

Во областа на меѓународната соработка, Словачка продолжува со учество во меѓународната одбранбена политика во рамките на НАТО и на ЕУ, првенствено соработувајќи со другите земји од Вишеградската група (Чешка, Унгарија и Полска), со цел ефективно да ги намали недостатоците на сопствени капацитети. Ова особено се однесува на разузнавачки, набљудувачки, извидувачки и капацитети за кибернетичка (сајбер) одбрана, како и на соработка во областите на воздухопловството, стратегискиот транспорт, обуката, мултинационалната логистичка поддршка и други способности. Словачка учествува во Програмата за европски воздушен транспорт на ЕУ (European Air Transport Fleet program). Програмата, која започнала во 2001 година, има цел оптимизирање на сегашните и на идните воени воздухопловни транспорти низ Европа. Во моментов, словачката армија учествува во операции надвор од државата: во рамките на ОН: UNFICYP (Кипар) и UNTSO (Среден Исток); во рамките на ЕУ: EUFOR Althea (БиХ) и EUTM (Мали).

Во структурата на армијата проектирана за 2030 г. планиран е персонал од околу 21.000 (професионални војници и цивилен персонал), но и дополнително зголемување и подобрување на капацитетите и способностите.

Примарен мерлив показател за успехот на трансформацијата и за севкупниот успех на развојот на способностите на ВС до предвидениот рок би било зголемувањето на борбените способности на тактичките единици. Структурата на ВС би се состоела од: генералштаб (ГШ), копнени сили, воздухопловни сили, сили за специјални операции и единици директно потчинети на ГШ. Новиот пристап во планирањето обуки и вежби би се засновал на обука на територијата на државата и обука со странски партнери на сопствена или на територија во странство, нагласувајќи ја соработката со ВС на земјите-членки на НАТО и членките на ЕУ. Цел на обуката е постигнување и одржување на борбената готовност на командите и единиците, со акцент на Механизираната бригада. Обуката се фокусира на подобрување на способноста за планирање заеднички операции со висок интензитет за одбрана на државата и колективна одбрана на сојузниците во сложена оперативна средина, вклучувајќи хибридни, кибернетични и терористички закани. Фокусот ќе ја опфаќа и заедничката обука и вежби со полициските сили, одделот за противпожарна заштита, службата за барање и спасување и другите елементи на интегрираниот безбедносен систем на Словачка.



Во согласност со Уставот на Словачка, Националниот совет на Р. Словачка одлучува за основните безбедносни прашања и одбраната на државата; ги одобрува концептите за безбедност и за одбрана на државата, како и стратешките документи и развојни планови и програми од областа на безбедноста и одбраната на државата и врши контрола на исполнувањето на безбедносните и одбранбените задачи на вооружените сили). Претседателот на државата, кој е и врховен командант на ВС, предлага мерки кои се однесуваат на безбедноста и одбраната на државата

Приоритети за време на трансформацијата на армијата би биле реализација на:

1. Тековни проекти во кои е вклучена словачката одбранбена индустрија (модернизација на транспортниот авион „Spartan“, на хеликоптерите „UH-60M“ и на пешадиските борбени возила).
2. Проекти за подобрување на борбените способности на копнените сили (набавка на специјална и извидувачка опрема, оклопни борбени возила и повеќенаменски тактички возила, ПВО 3D-радари, артилериски систем DELOSYS, противтенковски системи, како и комплетирање на комуникацискиот систем MOKYS).
3. Проекти за подобрување на комуникациските и информациските системи, вклучувајќи системи за трансфер на класифицирани информации, како и одбрана и заштита на мрежите во сајбер-просторот.
4. Проекти за модернизација (набавка на специјална муниција за пешадиските и за специјалните единици, набавка на нови транспортни возила, замена на инженериската опрема, набавка на нова опрема за деминирање и за ПНХБО, набавка на беспилотни летала и модернизација на артилеријата).
5. Проекти за модернизација на воздухопловните сили (набавка на радари, на летала за обука и на повеќенаменски хеликоптери).

М.С.






# Стратегиските концепти на **НАТО**

Од своето формирање (Вашингтонскиот договор од 1949 година), НАТО континуирано ја развиваше и сè уште ја развива својата одбранбена, военодоктринарна и стратегиска рамка. Развојот на одбранбена и воена мисла беше инициран од променливото стратегиско опкружување и континуираната манифестација на нови предизвици и закани по безбедноста во Евроатлантската област. Во периодот од 1949 година до 2010 година Алијансата промовира и усвои вкупно седум стратегиски концепти кои беа во функција на остварување на стратегиските цели и зачувување на демократските вредности на либерал- демократијата и капитал-системот. Нивната содржина покажува како Алијансата се приспособувала на промените во стратегиското окружување и како ги развивала своите капацитети и способности за справување со безбедносните предизвици и закани. Во неколку продолженија ќе ги анализираме сите досегашни концептуални решенија на Алијансата. Притоа, тежиштето е на концептите после 1991 година, но и на корективните одлуки усвојувани на самитите на НАТО.

Првиот стратегиски концепт на Алијансата познат под кодното име DC 6/1, а насловен како Иницијална стратегија на одвраќање и одбранбена специјализација (Initial Strategy of Deterrence and Defence Specialisation) беше усвоен во 1949 година со рок на траење до 1951 година. Тој дојде во период кога повеќето европски земји-потписнички на договорот немаат свои доволно големи армии. Тие, главно, се потпираа на способноста на силите на САД и на Обединетото Кралство. Односно, основата на одвраќање се засноваше исклучиво







врз способноста на САД да возврати со нуклеарно оружје од воздух, притоа заштитата од море му беше доверена на Обединетото Кралство. Копнените сили беа скромни, без доволно добро консолидирани поголеми воени состави. Тоа беше последица на скоро завршената војна, потоа на членството на три мали земји кои немаа развиено воени сили, а Западна Германија имаше ограничување за формирање на вооружени сили, додека, пак, Франција не поседуваше моќна армија. Од другата страна, за противник ја имаа моќната Црвена армија, опремена со тенковски дивизии и силно воздухопловство.
Сепак, со овој концепт се воспостави одреден сет на принципи, неопходни за координација на напорите на новоформираната Алијанса за одбрана на земјите-членки, засновани на национална специјализација и дивизии составени од работници наместо од униформирани војници. Во преамбулата на Концептот утврдена е заложбата на земјите-членки на Алијансата дека остварувањето на поставените цели на колективна одбрана во согласност со Повелбата на Обединетите нации, ќе се остварува преку политичка, економска и психолошка интеграција. Основните постулати врз кои се потпираше таквата алијанса беа:

– „одбрана на слободата, на заедничкото наследство и на цивилизацијата на нивните граѓани, засновани на принципите на демократија, индивидуалните слободи и владеењето на правото;
– промоција на стабилноста во Северноатлантската област;
– обединување на нивните напори за колективна одбрана и за заштита на мирот и безбедноста.

Со цел да се превенира војната, но и во случај да дојде до истата, сојузниците се подготвуваа ефективно да ги координираат своите расположиви потенцијали во насока на заедничка одбрана. Концептот предвидуваше пропорционално ангажирање на сите потенцијали на земјите, врз основа на географската положба, индустриските капацитети, населението и воените способности на државите. Ваквиот пристап требаше да овозможи иницирање на реалистичко, витално и продуктивно одбранбено планирање.
Политичките мерки за имплементација подразбираа заедничка акција за одбрана против вооружен напад преку заемна помош, односно преку придонес на секоја нација во согласност со расположивите ресурси. Развојот на вооружените сили требаше да се одвива со заемна помош и истите требаа да бидат координирани за да можат ефективно и економично да дејствуваат во согласност со заедничкиот план, а секоја земја требаше да ги преземе оние акции за кои била најдобро подготвена.
Воените мерки за имплементација подразбираа обезбедување на можност за стратегиско бомбардирање од воздух со сите видови на расположливо оружје, употреба на сите поморски капацитети и способности. Главнината од копнените сили била од европските земји, со цел неутрализирање на воздухопловните операции на непријателот, обезбедување и контрола на поморските и воздушните линии за комуникација и имплементација на заедничките планови за одбрана, обезбедување, одржување и одбрана на есенцијалните капацитети и мобилизирање на целокупната моќ на Алијансата.
Мерките за соработка предвидуваа стандардизација на воените процедури и доктрини; изведување на заеднички вежби; размена на разузнавачки информации; соработка во изградбата, одржувањето и оперативноста на воените капацитети; стандардизација во одржувањето, поправката и сервисирањето на воените објекти; колективна соработка во осмислувањето на воените операции од заеднички интерес, стандардизација на воените материјали и на опремата и соработка во заедничкото планирање на психолошките и останатите специјални операции.
Вака поставениот концепт послужи како иницијална основа за воспоставување на врховниот командант на сојузничките сили во Европа (SACEUR – NATO's Supreme Allied Commander Europe) и на Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE HQ – Supreme Headquoters Allied  Powers Europe).
Од аспект на обезбедувањето на колективна одбрана, овој концепт не беше во можност да одговори на побарувањата во согласност со членот 5 од Вашингтонскиот договор. Поради тоа, после две години овој концепт беше ревидиран и заменет со вториот концепт промовиран во 1951 година.

д-р Игор Ѓорески




# Русија и балтичките држави – „тврда“ и „мека“ моќ како компоненти на енергетската дипломатија

По распадот на Советскиот Сојуз, Русија стана наследник на најголем дел од природните ресурси на поранешниот Советски Сојуз. Голем дел од енергетските резерви се наоѓаат и во други држави како што се Казахстан, Украина, Ерменија и Туркменистан, но тие немаат финансиски капитал и технологија за користење на резервите за разлика од Русија. Кога станува збор за балтичките држави, тие се речиси 90 проценти зависни од нафта и 100 проценти зависни од гас од Русија. Тоа се должи на тоа што во минатото целата инфраструктура во овие земји била изградена во рамките на поранешниот Советски Сојуз и аналогно на тоа немаат друг начин за снабдување со енергенси. Кај балтичките држави постои интенција да се приклучат во рамките на европскиот енергетски интегриран систем (кој, патем, сè уште е во зародиш) и да се поврзат со нова гасоводна мрежа со цел да станат независни од инфраструктурата градена од советската ера. Станува збор за проект кој е наречен „Baltic Connector“, но истиот наидува на проблеми бидејќи рускиот „Гаспром“ го контролира мнозинството на балтичките гасни компании, со што целокупниот проект може да биде премногу скап. Русија ја креира енергетската дипломатија (преку двете компоненти на „мека“ и „тврда“ моќ) за да влијае на домашната и на надворешната политика на нејзините соседи. Постојат три начини на употреба на „тврдата моќ“ (како дел од енергетската дипломатија): ембарго на нафта, на гас и на нуклеарна енергија. Па, така, на пример, на Заедницата на независни држави (Украина, Белорусија и Казахстан) и балтичките држави постојано им воведува ембарго или ги условува со цената на енергенсите, со цел да влијае во креирањето на нивната надворешна политика. Сепак, Русија е внимателна во употребата на „тврда“ моќ кај балтичките држави, бидејќи неколку руски корпорации имаат голем финансиски удел во трите најголеми гасни компании во Естонија, Латвија и Литванија (Eesti GaAs, Latvijas и Lietuvos Dujos). Следна причина е тоа што постојат локални недржавни актери кои можат да лобираат кај владите на овие земји. Но, најголема причина е тоа што Русија има своја енклава (Калинград), која е одвоена територијално од својата



> Русија ја креира енергетската дипломатија (преку двете компоненти на „мека“ и „тврда“ моќ) за да влијае на домашната и на надворешната политика на нејзините соседи. Постојат три начини на употреба на „тврдата“ моќ (како дел од енергетската дипломатија): ембарго на нафта, на гас и на нуклеарна енергија

стимулира економијата на овие земји што претставува „камен на сопнување“ во домашната политика на земјите.

## Русија и Европската унија

Европската унија е комплексен, хибриден систем на владеење каде што меѓувладините и супранационалните елементи го презентираат комплексниот метод на меѓусебна синергија на европската арена. Партнерството помеѓу Русија и ЕУ се карактеризира со низа конфликтни и кооперативни елементи, а тоа се должи, пред сè, на тоа што големите количини со енергенси кои ги поседува Русија се главен фактор на нејзината економска и политичка моќ и најважна алатка во креирањето на нејзината надворешна политика. Русија ги има најголемите резерви на природен гас во светот, втора е по големина на резерви со јаглен и седма по резерви со нафта. Истовремено е најголем извозник на природен гас и речиси ја достигна и Саудиска Арабија во производството на нафта. Кога говориме за односот ЕУ - Русија нужно е да се спомене дека нивниот однос на меѓузависност се базира на економската спрега, особено на енергетското поле. Секако дека и покрај тоа што ЕУ е зависна од руските енергенси, истата работи на диверзификација, со цел да ја намали зависноста и да создаде позиции за економско тргување со енергенси. Енергетската политика на нејзините членки честопати се разликува бидејќи тие се водени од сопствените интереси но и од енергетската политика на недржавните бизнис-компании чија енергетска политика не е наднационална, односно не се темели на надворешната политика на државата или на енергетската политика на ЕУ. За разлика од нив, „Газпром“ е апсолутно во корелација со Кремљ и како таква имаат единствена енергетска политика. Во ЕУ клучна улога за водење на наднационална енергетска политика има Европската комисија и Советот на министри но, сепак, енергетската политика на нејзините членки е во национална надлежност. Улогата на Европската комисија е во непречено функционирање на европскиот внатрешен пазар, а воедно е одговорна и за дерегулација на националниот енергетски пазар и за растот на конкуренцијата. Исто така, според Лисабонскиот договор, Европската комисија има улога за вршење на критичен надзор и истовремено има фундаментална улога во енергетската политика на Унијата. Иако Комисијата учествува во дијалогот за енергија со Русија и другите значајни набавувачи, земјите-членки го задржуваат својот суверенитет во однос на повеќето критични аспекти на трговијата со енергија. Комисијата се обидува да изнајде модел за унифициран, либерализиран енергетски пазар за ЕУ но, сепак, нема надлежност да организира енергетска политика на целата заедница. Целта на Комисијата е да обезбеди единствен енергетски пазар и на тој начин да влијае на цената на енергенсите и да обезбеди сигурност на пазарот со енергенси. Исто така Комисијата се залага за интернационализација на енергетските компании, со цел поефикасно да се управува конкуренцијата и да се подобри функционирањето на внатрешниот пазар на енергија. Денес во ЕУ доминираат неколку енергетски компании, и тоа рускиот „Gasprom“, германскиот „Е.ОН Ruhr-gas“, италијанскиот „Eni“, холандскиот „Gasunie“ и норвешкиот „Norsk hidro“. Ваквата концентрација на моќ влијае на можноста од намалување на конкуренцијата, доколку постои

држава и се наоѓа на Балтичкото Море, и намалувањето на енергенси за Литванија би значело намалување и за Калинград. Покрај „тврдата“ моќ Русија ја користи и „меката“ моќ преку поддршка на малцинствата во овие држави кои се етнички Руси. Со оваа поддршка истовремено се промовира сопствената култура, образование, спорт, кои се особено привлечни кај мнозинството кои не се Руси бидејќи се нудат разни стипендии, бесплатни школувања во Москва, државјанство и слични привилегии. Но, како најголем адут на руската „мека“ моќ е привилегијата на енергетскиот сектор од мешовит карактер каде што свој удел имаат руските бизнисмени и компании. Исто така, нудењето на нуклеарната енергија дополнително финансиски ја





економски договор помеѓу нив и воедно спречување на можноста од влез на нова конкурентна компанија. За таа цел Европската комисија предложи поделба на понудата и мрежна сопственост како предуслов за раст на конкурентноста и создавање на добро функционирање на отворен либерален пазар за заштита од монопол на овие корпорации, каде што доминантна улога во креирање на енергетската клима ја има токму Русија.

## Руска енергетска дипломатија во „нова” Европа

Новата руска енергетска дипломатија е етаблирана на тој начин што „новата" Европа ја прави целосна зависна од рускиот гас. Кога велам „новата" Европа, акцентот е ставен на некои земји-членки на ЕУ, кои и покрај наметнатите санкции на ЕУ кон Русија не престанаа да соработуваат на полето на трговија со енергенси. Проектот „Северен поток" предвидуваше преку Балтичкото Море да го носи природниот гас директно во Германија, избегнувајќи ја Украина, Белорусија, Полска, Словачка и балтичките земји, притоа правејќи ја апсолутно зависна Германија од рускиот гас. Проектот „Северен поток" ѝ овозможи на Русија да одржува различна политика кон „старата" и кон

Проектот „Северен поток" предвидуваше преку Балтичкото Море да го носи природниот гас директно во Германија, избегнувајќи ја Украина, Белорусија, Полска, Словачка и балтичките земји, притоа правејќи ја апсолутно зависна Германија од рускиот гас

„новата" Европа: ширење на енергетски врски со „новата" Европа (морковот) и уценување и условување со земјите кои спроведоа санкции кон Русија (стапот) со „старата" Европа. Таков беше примерот со ембаргото наметнато на латвиското пристаниште „Вентспилс", коешто се користи генерално за прифаќање на гасот, особено во времето на некогашниот Советски Сојуз. Притоа, Русија бараше да го купи пристаништето, со цел да обезбеди брз и ефикасен транспорт, но беше одбиена од страна на Латвија поради солидаризирање со наметнатите санкции од страна на Западот.

Но, ефикасната руска енергетска политиката по принципот дека гас може да тече само од Русија ја постигна целта, па така дури и пристаништето „Вентспилс" да му се продаде на Западот, без гасоводот нема никакво економско или комерцијално значење. Руската експанзивна политика предизвика голем број земји кои сакаат да го користат рускиот гас да склучуваат (не)формални сојузи преку разни мултинационални корпорации, со цел да не бидат обвинети за непочитување на санкциите кон Русија, а истовремено да обезбедат евтин гас или транзит низ сопствената држава.

## Русија и Балканот

Следејќи ја таксономијата на менаџирањето со ваков вид на дипломатија, може да се заклучи дека енергетската дипломатија е високо позиционирана на меѓународната дипломатска сцена. Истата е сочинета од пет елементи кои го детерминираат успехот, а тоа е „меката" моќ преку обезбедување на низа финансиски поволности (финасии за транзитот и ниската цена за снабдување со гас), привлекување на странски инвестиции како резултат на политичката стабилност на државата и зголемување на нејзиното геополитичко значење. Следно, инфраструктурна изградба и тргување со енергенси со помали корисници, како и создавање на сопствен енергетски пазар. Четврто е индустрискиот развој на државата и последно, но не помалку важно (каде е вклучена делумно и „тврдата" моќ), политичкиот опстанок на малите и нестабилни држави.

Во рамките на енергетската дипломатија на Балканот не треба да се занемари фактот дека покрај тоа што Балканот претставува мал енергетски пазар, сепак неговото најголемо значење е во географскиот простор, особено како експлицитно соодветен простор за транзит и снабдување со гас на Западна Европа.



По пропаѓање на проектот „Јужен поток“ поради откажување на Бугарија, денес е актуелен проектот „Турски поток“ којшто предвидува изградба на гасовод од Русија, преку Турција, Грција, Србија и Унгарија, кој ќе ја снабдува Европа со висококвалитетен природен гас. Изградбата на овој проект би донел многу политички (стратегиски), економски и финансиски придобивки за овие земји кои би се нашле на светската енергетска мапа. На среден рок, придобивките од транзитот на гасот би се мултиплицирале преку користење на гасот, финансиските приходи од транзитната рута, како и развојот на домашната индустрија.
Во меѓувреме, имајќи предвид дека

По пропаѓање на проектот „Јужен поток“ поради откажување на Бугарија, денес е актуелен проектот „Турски поток“ којшто предвидува изградба на гасовод од Русија, кој преку Турција, Грција, Србија и Унгарија ќе ја снабдува Европа со висококвалитетен природен гас. Изградбата на овој проект би донел многу политички (стратегиски), економски и финансиски придобивки за овие земји кои би се нашле на светската енергетска мапа







Балканот е „обременет етнонационален простор”, проектот „Турски поток“ се доживува како „кукавичко јајце“, а земјите се длабоко поделени во однос на нивното учество во изградбата и транзитот на гасоводот. Па, така, владите на некои држави целокупниот проект го доживејаа како целосно антизападен проект, па дури ги убедуваа и сопствените граѓани дека станува збор за нова „железна завеса”, наметната од Истокот кон Западот. Причините за тоа секако лежат во лошото искуство од некогашната Студена војна, каде повеќето земји биле на едната или на другата страна на конфликтот. Несомнено дека во позадината на проектот „Турски поток“ има голема геостратегиска игра и дека истиот е „бабица” на раѓањето на една нова империја во еден нов мултиполарен свет. Владите на државите треба да донесат мудри и правилни одлуки кои на долг временски рок ќе обезбедат политичка и енергетска стабилност за своите држави.

д-р Игор Гелев



# ГЛАВНА ПЛАНИРАЧКА КОН ЗА ВЕЖБАТА „JOINT REACTI



Главната планирачка конференција за вежбата „Joint Reaction 19", која по иницијатива и покровителство на САД е организирана во рамките на земјите-членки на А 5-иницијативата, се одржа во Тирана од 05 до 07 март 2019 година и беше трета од серијата на функционални и планирачки настани кои ќе кулминираат со реализација на регионалната вежба „Joint Reaction 19" од областа на управувањето со кризи и заштита и спасување

На Главната планирачка конференција за вежбата „Joint Reaction 19", која се одржа во Тирана од 05 до 07 март 2019 година присуствуваа претставници од: Република Северна Македонија, Република Албанија, Република Босна и Херцеговина, Република Косово, САД, Република Хрватска и Република Црна Гора. На конференцијата од Република Северна Македонија учествуваа: д-р Тони Петрески, раководител на Секторот за цивилно-воена соработка во Министерството за одбрана, потполковник Игор Спасеноски, од ВП 2803/30 Скопје, Даниел Ѓорѓиевски, помлад соработник во Центарот за управување со кризи и Ана Лазаревска, претставник од Канцеларијата за одбранбена соработка на Амбасадата на САД во Скопје.
Вежбата „Joint Reaction 19" претставува регионална штабна вежба за менаџирање со регионална помош при итни состојби (Regional Emergency Management Assistance-



# ФЕРЕНЦИЈА
# ON 19“



Вежбата „Joint Reaction 19“ претставува регионална штабна вежба за менаџирање со регионална помош при итни состојби (Regional Emergency Management Assistance-REMA), од стратешко/оперативно ниво. Земја-домаќин е Република Албанија, додека претставници од земјите-учеснички организирани во национални штабови, исто така лоцирани во Тирана, за време на реализацијата ќе учествуваат преку изграден комуникациско-информациски систем со ефективно користење на компјутерско моделирање и симулации и со елементи на терен

REMA), од стратешко/оперативно ниво. Земја-домаќин е Република Албанија, додека претставници од земјите-учеснички организирани во национални штабови, исто така лоцирани во Тирана, за време на реализацијата ќе учествуваат преку изграден комуникациско-информациски систем со ефективно користење на компјутерско моделирање и симулации и со елементи на терен. Главната цел на вежбата е да се зголеми соработката и интероперабилноста помеѓу земјите од регионот на Балканскиот Полуостров за навремено и ефективно ангажирање и развивање на сили и средства за спасување кога се погодени од катастрофи, за што е потребно да се преземе сеопфатна регионална акција (вежбата е слична со Joint Reaction 15 и на серијата вежби SEESIM). Основни цели на вежбата се:

1. Подобрување на способностите меѓу земјите-членки на САД – Јадранската повелба (А5) и регионалните партнери за навремено и ефикасно распоредување сили и средства за спасување во погодениот регион.
2. Во целиот регион да се негува сеопфатен одговор и зајакнување на врските меѓу регионалните, националните и локалните власти, како и помеѓу владините, невладините и другите организации.
3. Приспособување и подобрување на постојните спогодби и договори меѓу партнерските нации за одговор при катастрофи, со цел да се идентификуваат и да се пополнат празнините кои ги инхибираат колективните капацитети брзо да одговорат на заедничките закани и опасности.
4. Подобрување на споделувањето на информации за цивилни вонредни состојби, подготвеност/одговор помеѓу регионалните партнери и организации во текот на сите фази на циклусот на управување со вонредни состојби.
5. Тестирање на оперативните капацитети при одговор во случај на итни состојби и размена на искуства помеѓу партнерските земји.

Покрај другото, нациите-испраќачи на помош ќе ги тестираат следните способности:

1. Обезбедување поддршка за хуманитарна помош, спасување при катастрофи и цивилно-воена соработка.
2. Процена на потребите на погодената нација и препорачување на најдобриот пакет на ресурси за помош.
3. Подготвување на единиците/ресурсите за помош и поддршка од нацијата-испраќач до погодената нација.
4. Планирање, координирање и управување со пренесувањето на единиците/ресурсите од нацијата-испраќач до погодената нација.
5. Одржување на контактите/комуникациите со единиците/персоналот од нацијата-испраќач, кои се ангажирани во погодената нација.
6. Обезбедување персонал/

логистички служби за единиците/персоналот ангажирани во погоденото подрачје.
7. Префрлање на единиците/персоналот од погоденото подрачје до домашните станици.
8. Споделување на информации помеѓу регионалните партнерски нации и организации.
9. Зголемување на способностите на нациите-испраќачи на помош (симулациски центар) за водење на компјутерски потпомогнати вежби.

На оваа конференција, чија цел беше дефинирање на побарувањата (опфат, дизајн, тренинг цели, ниво на учество, варијабли на сценариото, како и локации на вежбата, распоред, времетраење и сл.) за развој на вежбовните документи, акцент се стави на развивање на сценариото за вежбата.

Ќе се одигра сценарио на силен земјотрес со кој е погодено подрачјето на градот Fushe Kruje во централна Албанија со околните села. Како последица на земјотресот, предизвикани се следните штети: бројот на жртвите се проценува на околу 450, и тоа лица од различни возрасти, а се очекува овој број дополнително да се зголеми; затворот со висока безбедност во близина на градот е оштетен; во градот и околните области има поплави; во станбената област и болницата избиени се градски пожари; сите извори на вода за пиење се оштетени и неупотребливи; мостот Tapiz е оштетен од земјотресот и не е прооден за возила; фабриката за цемент и приватните компании за вар се оштетени и предизвикуваат последици по животната средина; интернационалниот аеродром во Тирана (Rinas) е оштетен и се користи резервната аеродромска писта за итни случаи; браната на резервоарите Bakungu и Verjon е пукната. За справување со последиците и нормализирање на состојбата ќе има потреба од сеопфатна акција и помош на земјите од регионот.

На 06.03.2019 година за учесниците на Главната планирачка конференција беше организирана студиска посета на градот Fushe Kruje и извидување на теренот каде ќе се изведува теренскиот дел од вежбата. На следната, Завршна планирачка конференција, која е предвидена да се одржи од 16-18 јули 2019 година, исто така во Тирана, Република Албанија, ќе се утврдат планирачките документи кои се развија на оваа конференција, а посебно акцент ќе се стави на финализирање на сценариото; ќе се утврди бројот на учесници од земјите, вклучувајќи и конкретни имиња и позиции, ќе се утврди управувањето и протокот на информации и симулации за потребите на реализација на вежбата; ќе се дефинира комуникациско-информативната опрема компатибилна за воспоставување на мрежни врски помеѓу земјите-учеснички; ќе се утврди политиката за информирање на јавноста и односите со медиумите; ќе се дефинира планот за високи гости при реализација на вежбата и така натаму.

д-р Тони Петрески
м-р Здравко Јаковлевски



На оваа конференција, чија цел беше дефинирање на побарувањата (опфат, дизајн, тренинг-цели, ниво на учество, варијабли на сценариото, како и локација/ии на вежбата, распоред, времетраење и сл.) за развој на вежбовните документи, акцент се стави на развивање на сценариото за вежбата





# Релевантноста на Сун Цу денес

(прв дел)

„Вештина на војување“ на Сун Цу е најстарата пишана воена доктрина, стара околу 2500 години. Овој прирачник од 13 глави останува и денес релевантна литература за да се опишат основите на стратегијата и тактиката и сè уште има големо влијание не само на источната туку и на западната воена мисла

Иако алатките за војување се сменија во изминатите два милениуми, интересно е не само што Сун Цу и понатаму е релевантен, туку неговите идеи се посебно значајни за да се сфати денешниот обновен концепт на нелинеарна војна. Нелинеарноста потекнува од источната филозофија, а како метод на војување е опишан во „Вештината на војување“ на Сун Цу. Во првата глава, Сун Цу го објаснува значењето на воените планови. На почетокое се потенцира важноста на планирањето во војна, кое тој го нарекува „пресметка“. Колку е подобро планирањето, толку се поголеми изгледите за успех. Оној кој не планира, ќе прави повеќе грешки од оној кој планира. Сун Цу го користи терминот „пресметка“, бидејќи според него командантите треба да ги одмерат своите одлуки во однос на теренот, сопствените и противничките сили. Затоа, уште во првата глава посебен акцент е даден на измамата во војна. Откако ќе се направи пресметка за процена на успехот, треба да се влијае на градење на перцепцијата на противникот за да се направи тој да донесе погрешни одлуки. Кога една војска е силна, треба да се претстави дека е слаба и обратно. Правење лажен маневар и градење погрешна перцепција кај противникот е она што денес го користи нелинеарното војување и методот на рефлексивна контрола. Според Сун Цу, за практикување на вештината на војување се важни пет фактори, кои според денешната воена доктрина се: сфаќање на оперативното опкружување, лидерството, командување и контрола, структура на силите и начинот на нивна употреба. Основа за војската да биде успешна е дисциплината и тој потенцира дека лидерот мора со самодисциплина да покаже конзистентност на овој принцип. Во втората глава, Водење на војна, Сун Цу на самиот почеток наведува што е потребно за да се војува: финансиски средства. Со едноставна математичка пресметка,



тој ја открива минималната цена за војување во тоа време: за да се одржи војска од 100.000 војници, за секој ден биле потребни 30 килограми сребро. Така, уште пред две илјади години Сун Цу јасно потенцирал што е најважно за водење на војна: буџет. Потоа се надоврзува на исплатливоста да се одржува самата војска. Таа не треба да се држи во непотребно голем број доколку не се подготвува за војна и обратно и не треба да се чека бидејќи се троши. Ова подразбира временско планирање на ресурси за одржување на воените способности во мир. Според Сун Цу, државата не треба да троши непотребно за капацитети кои не ги користи, односно не би требало да се трошат пари на сили кои се нераспоредливи или за кои безбедносните процени укажуваат дека се неоправдани. Предупредува дека одолговлекување на воените операции ја исцрпува државата. Како практичар на војната, нему му било јасно колку е проблематично логистичкото обезбедување за војската да се одржува цело време подготвена. Вели дека војската е подобро да се снабдува со ресурсите на противникот. Сун Цу инсистира дека војната треба да трае што е можно пократко, бидејќи долгите походи се штетни за државата.

Во третата глава се опишува победата без борба, една од најчесто цитираните изреки по што Сун Цу останал познат до денес. Најдобро е да се победи без борба. Ова произлегува од претходната глава во која предупредува дека војувањето е скапа работа во средства и луѓе, кои треба да се заменат доколку се изгубат. Во денешната доктрина ова е принцип на економичност на одбраната. Во неговите пресметки, исто како за одржување на војската дневно, тој пресметал колку време треба доколку противникот се победи без борба, во борба на отворен простор или во борба во урбана средина (опсада).



Во време кога немало огнено оружје за гаѓање од далечина, Сун Цу во одбраната препознавал голема предност, токму поради тоа што противникот откако ќе се натерал да се развие, ќе ги покажел силите на терен, додека оној кој се бранел, останувал прикриен и неговата сила била тајна

Последната за него е најкатастрофална опција која треба да се избегне по секоја цена. Ова и денес е вистина. Борбата во населени места и опсада на градови како во граѓанската војна во Сирија навистина се одолговлекува, многу повеќе чини и треба да се избегне. Концептот на германскиот „блицкриг“ бил да не се задржат единиците блокирани околу населени места. Вермахтот бил успешен во таа тактика, но не и кога морале да прават опсади на советските градови. И со модерно вооружување, опсадата е поразителна, што го прави Сун Цу релеванен и во денешната доктрина. Понатаму, Сун Цу прави пресметки на соодносот на силите. Интересно е што предлага дека колку сопствените сили се побројни во однос на противникот, толку помалку треба да се направи директен пристап. Нема потреба од ризик кога победата е сигурна. Кога силите се слични или еднакви, тогаш треба да се понуди борба бидејќи е неизбежна и никој нема иницијатива во бројноста. Сун Цу истакнува дека квантитетот има свој квалитет и колку побројна војска, толку подобро. Го истакнува лидерството во борба, и тоа карактеристиката на сфаќање што потчинетите можат, а што не можат да направат. Лидерот треба да е свесен за можностите на своите сили и да задава реални цели. Оваа мудрост не ја следеле генералите во Првата светска војна, кои упорно трошеле илјадници војници за да заземат неколку метри терен. Посебно интересно е што истакнува каков профил на луѓе треба да има секоја војска. Сун Цу го цитира Су Ма Чиен, кој рекол дека во војската треба да има четири категории војници: паметни, храбри, алчни и глупави, затоа што „мудрите луѓе се воодушевуваат кога ги истакнуваат нивните заслуги, храбрите луѓе сакаат да ја покажат својата храброст, алчните луѓе се брзи во грабање на предностите, а глупавите луѓе не се плашат од смртта“. Може да се аргументира дека навистина и денес ова е релевантно, и овие четири категории се присутни во секоја војска. На крајот на оваа глава Сун Цу наведува пет услови за успех во борба: лидерот треба да биде свесен за состојбата со која се соочува (да знае кога треба да се бори, а кога не), да се бори со тоа што има (да знае да раководи со силна и со слаба војска), да одржи висок морал кај потчинетите (војската во сите чинови да има ист дух), да биде секогаш подготвен за борба (да го нападне неподготвениот непријател) и да поседува стручност и делегирана доверба од претпоставениот (ќе победи оној кој има



војнички знаења и кому владетелот не му се меша во работата).
Во четвртата глава, Тактика, Сун Цу ги дели операциите на нападни и на одбранбени. И во двата случаи истакнува дека најдобро е да се најде начин да се победи „без да се пролие капка крв“ т.е. не е доволно само да се победи, туку и како ќе се победи. Во денешната доктрина ова се препознава како мерка за успех на операцијата, изразена со односот на мерките за ефикасност, наспроти мерките за реализација. И денес се тежнее не само единиците да го прават она што претпоставениот наредува, туку нивното директниот пристап е неопходен за да се покаже сила и моќ, но со индиректниот пристап се обезбедува победа. Тие треба да се комбинираат за противникот да не може да го сфати шаблонот по кои се одвиваат. Сун Цу користи метафори за да истакне дека индиректниот пристап овозможува неисцрпен број на маневри, кои зависат од креативноста на планерот. Овде се препознава нелинеарноста на источната мисла. Во оваа глава Сун Цу прв пат ја вметнува измамата како метод во војна. Тој смета дека на противникот треба да му се направи лажна слика дека во текот на битката борба и бој. Противникот треба да се натера да се бори под услови кои не се поволни за него. Тој вели дека е подобро прв да се дојде до местото за битка, или во предност ќе биде оној кој прв ќе се распореди на теренот, ќе се утврди и одморен ќе чека. Оној кој е постојано во движење е ранлив. Овде Сун Цу ја фаворизира одбраната, нешто што Клаузевиц после две илјади години ќе го оспори. Но, ако се земе предвид временската рамка и оружјата кои постоеле, оваа идеја тогаш била релевантна. Во оваа глава се даваат и неколку примери дека противникот треба да се натера порано да заземе



дејство да ги постигне ефектите кои претпоставениот ги очекува. Во оваа глава се препознава претпазливоста на источната култура, наспроти ризикувањето на западната. Сун Цу посебно нагласува дека војсководецот треба да „бара битка само тогаш кога победата е добиена“. Ова значи дека секогаш кога може треба да се избегнува ризик и да се војува кога се проценува дека ситуацијата е поволна. Сун Цу вели дека оној кој ризикува со надеж дека ќе победи, обично е предодреден да изгуби. Главата за тактика е кратка, а завршува повторно со веќе кажаното, дека успехот, пред сѐ, зависи од дисциплината.
Во петтата глава, Сила, Сун Цу зборува за командувањето и контролата на војската во војна. Без оглед дали се работи за голема или за мала единица, таа ќе биде успешна доколку постои добра комуникација. Истакнува дека војниците се исплашени, хаотични и слаби. Не само што ја предлага измамата како алатка во борба, туку наведува кои способности треба војската да ги поседува за да може тоа ефикасно да го направи. Сун Цу нагласува дека за да се симулира страв, хаос и слабост, потребно е да се поседуваат спротивните елементи: храброст, дисциплина и сила. Со два историски примери, го поткрепува ставот дека лажниот маневар и мамењето придонесува за успех во борба. Во двата примера, силните војски се прикажувале дека се слаби, за да го навлечат противникот прв да нападне.
Шестата глава се вика Слаби и силни страни. Сун Цу овде го опишува концептот на наметнување на сопствената волја врз противникот, или во денешен доктринарен речник, наметнување на сопствен начин на борбен распоред за да си ги открие силите. Ова до денес останало релевантно. Во современата воена доктрина, особено во одбраната, се тежнее со исфрлени сили напред да се испровоцира противникот порано да започне со распоредување на единиците од маршевските колони. Сун Цу смета дека само со далеку побројна војска треба да се тргне во нападни операции. Доколку расположливите сили се помали од оние на противникот, треба да се чека во одбрана додека тој не нападне. До денес останало непроменето значењето на разузнавачката подготовка на бојното поле, силата, структурата и распоредот на противникот. Истовремено, важно е да се крие вистинската сила и сопствениот распоред.

Ѓорѓи Вељовски




# Свечена заклетва на 37. генерација војници на доброволно служење во Армијата

Во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес на 8 март годинава свечена заклетва даде 37. генерација млади војници на доброволно служење во Армијата. Пред нивните родители, роднини, пријатели, претставници на ГШ на АРМ и на командите и единиците на Армијата и други гости, свечена заклетва дадоа 86 млади војници, меѓу кои шест девојки. Текстот на свечената заклетва го прочита командантот на ЦИО, Центарот за индивидуална обука, потполковник Мухамед Ибраими, а по него заклетвата едногласно ја повторуваа младите војници. Тие се заколнаа дека ќе ги бранат слободата, суверенoста, самостојноста и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија и дека дисциплинирано,совесно и одговорно ќе ги извршуваат обврските и должностите како бранители на својата татковина и ќе се борат за нејзината слобода и чест. Тој, честитајќи им ја свечено дадената заклетва, ги информираше дека како млади војници во наредните три месеци при совладувањето на планираните содржини на обуката ќе се соочат со многубројни предизвици. „За успешно совладување на предизвиците, вашите старешини максимално ќе се залагаат да ви ги пренесат потребните знаења и вештини. Целокупниот ваш труд, успех и ангажирање ќе бидат вреднувани, и тоа ќе биде еден од елементите за понатамошна селекција на оние кои сакаат да ја изберат својата идна професија како професионални војници и старешини во редовите на Армијата. Почитувани родители, давањето заклетва претставува личен чин, но чест и задоволство е и за родителите, за роднините и за пријателите. Како родители може само да се гордеете што израснавте здрави и способни луѓе кои денес во овој строј со гордост и достоинство ја прифатија одговорноста чесно да ѝ служат на својата татковина во редовите на Армијата. Поради тоа



ви искажувам голема благодарност што ни ги доверивте вашите синови и ќерки и ве уверувам дека наредните месеци крајно совесно и одговорно ќе ја преземеме вашата родителска грижа и ќе ги ви ги вратиме збогатени со уште повеќе животно искуство“, порача потполковник Ибраими.
Од говорницата, свечено дадената заклетва на младите војници им ја честиташе и им посака успешна обука, заменикот на началникот на ГШ на Армијата, генерал-мајорот Азим Нуредин. „Влеговме во период на промени и нови почетоци. Оваа година нашето знаме се најде на масата на НАТО. Полека но сигурно чекориме кон иднината како дел од семејството на Северноатлантската алијанса. Пред нас се отворија вратите на Сојузот, но за да станеме полноправна членка нè чекаат предизвици и уште многу работа. Оваа година имаме многу активности и причини, а една од активностите и причините е и изборот на овие млади и храбри синови и ќерки за доброволно служење на воениот рок. Војници,вие во наредниот период ќе поминете низ интензивна основна воена обука, вашите инструктори, командири ќе ве насочуваат за полесно да го совладате предвидените содржини од планот за обука. По успешното завршување на обуката ви се отвораат вратите на Армијата“, потенцираше генерал-мајорот Нуредин.
Тој потсети дека како и претходните генерации, така и оваа генерација ќе има можност за понатамошен професионален развој во воената струка, со тоа што ќе ја одберат воената професија како животна определба. Генерал-мајорот Азим Нуредин потенцираше дека носењето на униформата на Армијата е гордост и привилегија но, исто така, и одговорност, хуманост и пожртвуваност. Тој потенцираше дека пример за ова е кога при неодамнешната тешка автобуска несреќа кај селото Ласкарци, четворица војници на Армијата, применувајќи ги стекнатите вештини и знаења, со храброст и лично залагање навремено укажале помош при извлекување на настраданите. „Ова не се единствените примери. Досега нашите војници својата хумана страна ја имаат покажано и при справување со шумските пожари, поплави и други катастрофи и непогоди, и ние сме горди што имаме такви припадници на Армијата. Војници, во идните три месеци стекнувајте нови знаења, залагајте се на секое поле, бидете свесни, совесни и дисциплинирани, чувајте се себеси и помагајте им на тие околу вас и градете ги меѓучовечките и меѓунационалните односи. Чувајте го својот и угледот на Армијата“, порача генерал-мајорот Нуредин.



Војник е и 19-годишната Александра Јакимова која завршила средно правно училиште од Скопје. Таа вели дека имала голема желба да биде војник како и нејзините родители и предци кои оделе во војска, па и таа сакала да ја продолжи нивната традиција. „Јас сакам да го искусам војничкиот живот и мислам дека е прекрасно искуство да се научи секој на ред и дисциплина. Тешко е првите денови, како и секој и овој почеток е тежок, но многу сум задоволна и многу научив во овие десет дена. Запознав прекрасни луѓе и командири и се надевам дека позитивните искуства ќе се збогатат во наредните три месеци“, изјави младата Александра. Вели дека таа и нејзините пет колешки-млади војници одлично биле примени во редовите на Армијата од страна на машките колеги-војници кои им помагаат и соработуваат со нив при секојдневното извршување на војничките обврски.
Војникот, 19-годишниот Енис Небиоски кој завршил за електротехничар-енергетичар од Велес, вели дека уште како мал имал желба да служи војска и затоа одлучил да отиде годинава, веднаш по завршување на средното образование. „Јас сум кајакар репрезентативец. Годинава го оставив кајакот за да дојдам и за да служам во редовите на Армијата. Имам двајца колеги кајакари кои се во редовите на Армијата. Тие се моите идоли. И јас би сакал да бидам како нив. Затоа чекор по чекор ќе ги следам нивните успеси и во кајакарството и во редовите на Армијата“, порача младиот војник.

Антоанела Димитриевска





Првиот механизиран пешадиски баталјон со повеќе активности го одбележа Денот на единица, меѓу нив и крводарителска акција, спортски активности и донацијата на која најмногу ѝ се израдуваа децата згрижени во семејство

# Хуманоста на дело

Огромни пакети со храна, облека, обувки и хигиенски средства беа донирани од припадниците на Првиот механизиран пешадиски баталјон од кумановската касарна „Боро Менков“ за трите дечиња згрижени во семејството Агуши во Куманово. Десетгодишната Линда, весело девојче со пречки во развојот, најмногу се израдува на мечето кое ѝ го подарија припадниците на Армијата. И близнаците Махмуд и Мухамед се израдуваа на донацијата на припадниците на Армијата. Штом пристигнаа припадниците на Првиот механизиран пешадиски баталјон во скромниот дом на семејството Агуши во Куманово, не можеше, а да не се забележи воодушевувањето и кај децата и кај нивните згрижувачи Шеназе и Ариза Агуши. Пакетите експресно беа доставени во домот, храна, хигиенски пакети, играчки, но и облека и обувки кои семејствата на припадниците на Првиот механизиран пешадиски баталјон ги одвоиле од своите семејства и им ги подарија на дечињата кои се без родителска грижа. „Армијата секогаш делува за потребите на граѓаните. Оваа донација се случува во периодот кога се одбележува 75-годишнина од формирањето на Третата македонска ударна бригада, чиишто традиции ги негува Првиот механизиран пешадиски баталјон. Ваквите хуманитарни активности се чести за припадниците на Армијата. Овојпат, по препорака на Центарот за социјални работи во Куманово се одлучивме да донираме за семејство кое згрижува три деца, што е за почит“ – рече командантот на Првиот механизиран пешадиски баталјон, потполковник Стојанче Костов.



Командантот и припадниците на Армијата разговараа со згрижувачката Шеназе за нејзините обврски околу децата. Близнаците љубопитно ги гледаа подароците и воодушевени од донацијата, едниот од нив веќе ја одбра својата идна професија –војник.

Секое дете заслужува топол дом и мајчинска љубов, раскажа Шеназе. Таа веќе шест години се грижи за Линда која ја зела од Домот за доенчиња од Битола. За неа вели дека било ситно и слатко детенце. Секојдневната грижа за неа е целодневна, бидејќи Линда е дете со пречки во развојот. „Ужива кога се веат знамиња на ветрот“, раскажува Шеназе. На мајчинските обврски им нема крај, а помош секогаш е добредојдена, близнаците одат на училиште и им е потребна облека и секако храна. Таа и нејзиниот сопруг, и покрај тоа што имаат свои деца кои се веќе возрасни, се одлучиле да згрижуваат деца, бидејќи велат на овој начин прават добрина. „Ваква добрина ние, пак, добивме од Армијата. Навистина бев пријатно изненадена од донацијата на Армијата. Бескрајно им благодарам што се едни од ретките кои се сетија и донираа за децата без родителска грижа“, рече Шеназе.

Александра Максимовска

Припадниците на Армијата од кумановската касарна „Боро Менков“ и од ЗОК заедно со граѓаните пошумуваа во Куманово. Ваквите заеднички акции придонесуваат за градење на доверба на институциите со граѓаните. И не е прв пат заеднички да садат и да пошумуваат припадниците на Армијата со граѓаните кои, пак, од сите институции најмногу доверба имаат токму во Армијата



# Армијата и граѓаните заедно пошумуваа

Околу педесетина припадници на Армијата на кумановската касарна „Боро Менков“ и на Здружената оперативна команда, заедно со средношколците и јавното претпријатие „Чистота и зеленило“ и со граѓанските организации, садеа садници во Куманово. Оваа акција се спроведе по повод Денот на пролетта.

Иако напорно, сепак убавиот сончев ден припадниците на Армијата го искористија за поубаво, почисто Куманово. Но, многу поважна е соработката со локалната заедница, јавните претпријатија, општината, граѓаните и пред сѐ со средношколците коишто заеднички со припадниците на Армијата садеа садници.

Средношколците и припадниците на Армијата работат и дофрлуваат по некоја анегдота. Напорниот ден поминува во дружење, но она што ќе го забележи една средношколка е дека малите садници ќе пораснат и ќе останат со генерации да сведочат за заедничката акција.

„Еден ден кога ќе пораснат садниците ќе се сеќавам дека и јас сум учествувала во акција заедно со сите претставници кои денеска учествуваат. На некој начин оставаме траен белег за идните генерации“, вели ученичката во кумановската гимназија „Гоце Делчев“.

Армијата секогаш се вклучува во акциите кои се однесуваат на заштитата на животната средина. Во акцијата беа засадени 5.000 садници бел бор, со што ќе се формира заштитен појас на оголениот рид над зградите во населбата „Гоце Делчев“.

„Речиси и да нема акција за пошумување на поголема површина на која не учествуваат припадниците на Армијата. Благодарни сме што излегуваат во пресрет и помагаат за заштита на воздухот“, рече градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски.

Ваквите заеднички акции, сметаат учесниците, придонесуваат за градење на доверба на институциите со граѓаните. И не е прв пат заеднички да садат и да пошумуваат припадниците на Армијата со граѓаните кои, пак, од сите институции, токму најмногу ѝ веруваат на македонската армија, заради професионалноста и поддршката која ја добиваат при секоја непогода, но и при вакви навидум обични акции, знаејќи дека секогаш можат да сметаат на Армијата.

Александра Максимовска





# Армиски петобој

Воените натпревари како армискиот петобој ја ставаат на тест издржливоста и севкупната физичка подготвеност на припадниците на армиите кои учествуваат во овој натпревар

Желбата да се биде подобар, побрз и повешт е нешто што е вродено кај повеќето од нас, но кога покрај личното докажување ќе ја претставувате вашата држава, вашата армија, вашите браќа по оружје, желбата за успех и подобар резултат е уште поголема и поизразена.
Натпреварите помеѓу претставници од армиите постоеле од дамнешно време, но во организирана форма започнуваат со основањето на Меѓународниот сојуз на воени спортови во 1948 година. На воените спортски игри на програмата се многу дисциплини, но едни од поинтересните се петобоите, и тоа: Армиски петобој; Морнарички петобој; Аеронаутички петобој.
**Армиски петобој** е составен од повеќе (5) спортски натпревари - дисциплини кои се приспособени за воените потреби. На овој петобој учество земаат припадници на копнените единици.
Прва дисциплина е гаѓање со









пушка без оптички средства, која е поделена на две подкатегории – прецизно гаѓање и брза стрелба. Во подкатегоријата прецизно гаѓање натпреварувачот треба да испука 10 куршуми во рок од 10 минути на цели на растојание од 200 – 300 метри. Целите се гаѓаат од лежечка позиција. Брзата стрелба трае 60 секунди и во истиот период натпреварувачите треба да испукаат 10 куршуми на цели кои се наоѓаат на 50 метри. Целите кои се гаѓаат се кружни, со цел полесно пресметување на освоените кругови.

Втора дисциплина е совладување на патека со дваесет препреки кои се распоредени во должина од 500 метри. Препреките кои треба да се поминат се стандардни и се распоредени долж патеката. Вообичаено на патеката со препреки постојат две или три патеки каде наптреварувачите се движат. Прерeките кои се совладуваат се следни: скала од јаже, двојна греда, жици, мрежа на жици, минско поле, тараба, балансирачка греда, кос ѕид со јаже, хоризонтални греди, „ирска табла“, висока хоризонтална тараба, тунел со двојна греда, четири степени греди, возвишување, ѕид, јама, скала, ѕид број 2, цик-цак греда, шикана и три последователни ѕидови. За начинот на совладување на секој од овие препреки има одредени правила и упатства, додека целата трка е следена од оценувачи кои се присутни покрај секоја препрека.

Трета дисциплина е пливање со совладување на препреки. Должината на патеката е 50 метри, а притоа се совладуваат 4 препреки. Првата препрека е на 9 метри од стартната линија и се две греди, од кои едната се преминува со префрлање преку истата, а другата со проминување под неа. Втората препрека е на 20 метри од стартот и претставува 3 метри долг сплав кој треба да се пренурка. Третата препрека е платформа која се наоѓа на 31 метар од стартот, а се совладува со искачување на истата и скок од другата страна на препреката.

Четвртата и последна препрека се наоѓа на 44 метри од стратот и е греда (цевка) која треба да се пренурка.

Четврта дисциплина е фрлање. Генерално се делат на две дициплини, и тоа прецизно фрлање и фрлање на најголема далечна. Како предмет кој се користи за фрлање е школска бомба со максимална тежина од 575 грама за мажи и 375 за жени.

Во првата поддисциплина, прецизно фрлање, се гаѓаат цели на растојание од 20 м, 25 м, 30 м и 35 метри, а за секоја цел има по 4 школски бомби. За женските наптреварувачки растојанието до целите е помало за 5 метри. Во втората поддисциплина се фрлаат 4 проектили. Рекорд на најголема далечина до која се има фрлено рачна бомба за мажи е 80 метри, додека за жени е 62,7 метри.

Петтата и последна дисциплина во петобојот е крос-кантри трчање во должина од 8 километри за мажи и 4 километри за жени.

З.Б.







# ЗА

На 1 Март припадниците на Полкот за специјални операции (пСО) во касарната „Илинден“ во Скопје, со воена свеченост го одбележаа Денот на единицата и јубилејот – 25 години сили за специјални операции. На свеченоста, покрај министерката за одбрана Радмила Шекеринска и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, присуствуваа и заменикот-министер за одбрана, Беким Максути, заменикот на началникот, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар во МО Драган Николиќ, генералите и командантите на единиците на Армијата, поранешни команданти на специјалните единици и други гости од Министерството за одбрана и Генералштабот.

Министерката Шекеринска во своето обраќање истакна: „25 години специјални сили во Армијата се и 25 години во кои нашата земја работеше, посакуваше и се трудеше да стане членка на Алијансата. Заедничкиот јубилеј го прославуваме со успеси – успеси во Полкот, но и успеси на ниво на државата. Вие, почитувани припадници на пСО, сте една од најважните алки во синџирот кој го овозможи овој успех. Вие, како што велите, сте секогаш и секаде први, вие, како што велите, сте секогаш чекор понапред, вие сте предводници на нашата







## Свечено одбележан Денот на Полкот за специјални операции

# 25 ГОДИНИ СИЛИ СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ

армија, и тоа особено на ваков јубилеј треба да се нагласи“. Бригадниот генерал Хаџи Јанев, се наврати на почетоците од формирањето на силите за специјални операции, заблагодарувајќи им се на сите поранешни припадници за вложениот труд во изградбата на единицата. Исто така, потенцираше дека припадниците на Полкот за специјални операции се првите кои го имплементираа професионализмот и го трасираа патот во остварување на полноправното членство во НАТО.

На свеченоста беа доделени признанија и стимулативни мерки на поранешни и сегашни припадници на единицата за придонесот во развојот на единицата и за остварените резултати во работата.

На овој ден пред 25 години за прв пат во Армијата беше формирана единица за специјални намени под името „Волци“. Како команда на специјални единици функционираше од 2002 до 2003 година. Во декември 2003 година единицата е преструктуирана во Одред за специјални намени, а од ноември 2006 година извршено е преструктуирање на единицата во Полк за специјални операции во чиј состав влегуваат Баталјонот за специјални намени и Ренџерскиот баталјон.

К.И.

# „Hawk 200“

Авионот „Hawk 200“ е лесен повеќенаменски борбен авион опремен со палета на оружја со кои може прецизно да дејствува врз цели на копно, во вода и во воздух, во сите временски услови, преку ден и преку ноќ.
Компанијата „British Aerospace“, развојот на авионот го започнува во 1984 год. врз основите на докажаниот напреден школски борбен авион „Hawk“. Првиот лет „Hawk 200“ го изведува на 19.05.1986 год. Серискoто производство започнува во 1990 год. и трае до 2002 год. За производствениот период изработени се 62 летала, а во употреба го внесоа воените воздухопловства на Оман, на Индонезија и на Малезија.
Според градбата, овој мал опасен авион припаѓа во групата на нискокрилни, едномоторни едноседи. За разлика од основниот школски борбен авион „Hawk“, визуелно „Hawk 200“ може да се препознае по новиот преден дел, модифициран за сместување на радар и едноседиот кокпит. Но, леталото има и модифицирани зајакнати крила со поголеми флапсови и повеќе носачи за оружја, поседува многу посовремена авионика и можност за носење прецизно наведувани оружја за дејствување врз цели на копно, во вода и во воздух.
Конструкцијата на леталото е проектирана да издржи оптоварување од +8 до -4 G. Во носот на авионот е вграден повеќенаменскиот радар AN/APG-66H од компанијата „Northrop Grumman“, а опремен е и со FLIR-систем од компанијата „Marconi“, ласерски далечиномер од компанијата „Ferranti“, инерцијален навигациски систем LINS 300, компјутер за контрола на системите, магистралата на податоци MIL-STD-1553B, Vinten-диспензерот за ИЦ-мамки и алуминиумски ленти, системот за детекција на лансирани ракети BAE SkyGuardian 200, IFF-систем за препознавање на непријателски летала и друго. Во едноседниот кокпит е вградено катапулт-седиштето „Martin Baker Mk.10LH“, современи HOTAS-команди, на контролната табла се вградени повеќенаменски колор-дисплеи, а за нишанење широкоаголен HUD. Инаку, кокпитот е приспособен и за користење на визири за ноќно гледање од страна на пилотот. По потреба, на корисникот од десната страна на трупот (до кокпитот), може да се постави приклучок за дополнување на гориво во лет. Резервоарите за гориво вградени во трупот и крилата се со вкупен капацитет од 1.705 литри. Од погон во леталото е вграден млазниот турбовентилаторски мотор Adour 871 (од Rolls-Royce Turbomeca), со потиснување од 26 kN.
Максималната брзина на „Hawk 200“ во хоризонтален лет изнесува 1,037 km/h, додека во понирање авионот може да постигне максимална брзина од 1,2 маха.
За борбени дејства леталото е опремено со 7 носачи за оружја, од кои еден централно, под трупот, по 2 под секое крило и по еден на крајот од крилата. На овие носачи леталото може да понесе товар од 3 тони. Во подтрупен контејнер го носи автоматскиот топ ADEN со калибар од 30 mm, за кого поседува 120 гранати. За противбродско дејствување „Hawk 200“ може да ја носи ракетата „Sea Eagle“ и торпедото „Sting Ray“. За борба со летала може да ги користи ракетите со мал дострел AIM-9L Sidewinder и AIM-132 ASRAAM, кои поседуваат ИЦ-глава за наведување, додека за голем дострел ги користи ракетите AIM-120 AMRAAM и „Skyflash“, кои имаат радарска глава за наведување. За прецизно дејство по копнени цели ја користи прецизно наведуваната ракета AGM-65 Maverick и ласерски наведуваната бомба GBU-12 Paveway II. Од ненаведувани оружја ги користи бомбите Мк 82, Мк 83 и касетната бомба BL755, а користи и повеќецевни лансери за ненаведуваните ракети SNEB (од 68 mm), CRV7 (од 70 mm) и друго. Покрај оружје, на носачите може да се постави извидувачки контејнер Vinten VICON и 3 подвесни резервоари за гориво, секој со капацитет од 591 литар.

Ивица Дамески




**Пресек на „Hawk 200“**

1. Електронски систем за детекција од радарска озраченост
2. Резервоар за гориво
3. V/UHF антена
4. Катапулт-седиштето Martin Baker Mk.10LH
5. HUD- нишански систем за пилотот
6. Повеќенаменски радар AN/APG-66H
7. Куќиште на предниот стоен трап
8. Куќиште на авиониката
9. Приклучок за дополнување на гориво во лет








10. Вшмукувач за воздух
11. Подвесен резервоар за гориво од 596 литри
12. Противавионска ракета „Skyflash“
13. Противавионска ракета „AIM-9L Sidewinder“
14. Конструкција на крилото
15. Куќиште на задниот стоен трап во крилото
16. Воздушна кочница
17. Млазен турбовентилаторски мотор „Adour 871“
18. Кормило на вертикалниот стабилизатор

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „HAWK 200“ | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 11.38 m |
| ВИСОЧИНА | 4.16 m |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 9.39 m |
| РАСПОН НА КРИЛАТА СО ПОСТАВЕНИ РАКЕТИ | 9.94 m |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 16.39 m² |
| МАКСИМАЛНА ПОЛЕТНА ТЕЖИНА | 9.101 kg |
| ПОГОН | 1 Rolls-Royce Turbomeca Adour Mk 871,со потисок од 26 kN |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 1.037 km/h |
| КРСТОСУВАЧКА БРЗИНА | 796 km/h |
| БРЗИНА НА ИСКАЧУВАЊЕ | 3.508 m/min |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | 13.720 m |
| МАКСИМАЛНА НОСИВОСТ | 3.490 kg |



# Како се подготвувавме за НАТО

# Средба со генерал-мајорот во пензија **Зоран Димов**

Зоран Димов е еден од ретките пензионирани генерали кој низ својата кариера извршувал повеќе трупни (командирски, командантски и штабни) должности и учествувал во формирањето и развојот на нашата армија. При крајот на работниот век бил советник на началникот на Генералштабот, а активното ангажирање во Армијата го завршил како директор на ГШ на Армијата. Сепак, одењето во пензија не го сфатил како целосно заминување од редовите на Армијата, туку како краток одмор и предизвик што ќе го држи во кондиција и ќе му создава енергија за приспособување на нови животни услови и околности. Збогатен со искуство и мудрост, по неколкугодишна пауза од пензионирањето, сега со сигурност тврди дека општествените збиднувања во целост се рефлектираат врз безбедноста и одбраната на земјата. За среќа, поривот што го поседува генералот Димов за анализа и критичко проценување на состојбите му помогна да го живее животот низ призмата на вистината, што е мошне значајно за порелаксирано сфаќање на денешните турбулентни времиња. Но, тој не може да заборави и лесно да се одвои од сеќавањата поврзани со развојот на Армијата и со проблемите со кои се справуваше. Беше непосреден учесник во многу случувања и сведок на многу настани за кои, како што рече, пошироко ќе раскажува во неговите мемоарски сеќавања. Свое видување има и за воениот конфликт во 2001 година и за подготовките и придонесот на Армијата за прием на нашата земја во НАТО.

Поривот што го поседува генералот Димов за анализа и критичко проценување на состојбите му помогна да го живее животот низ призмата на вистината, што е мошне значајно за порелаксирано сфаќање на денешните турбулентни времиња. Но, тој не може да заборави и лесно да се одвои од сеќавањата поврзани со развојот на Армијата и со проблемите со кои се справуваше. Беше непосреден учесник во многу случувања и сведок на многу настани за кои, како што рече, пошироко ќе раскажува во неговите мемоарски сеќавања...

**Господине генерале, сега, по неколку години од пензионирањето, како гледате на времето кое поминало, на времето во кое најнепосредно учествувавте и придонесувавте во растот и изградувањето на нашата армија?**

Од самото формирање на Армијата, од првиот момент, забележав дека се појавија многу проблеми од многу аспекти. Дури и кај персоналот, кој беше поделен, условно да кажам на „домородци-патриоти“ и „дојденци-бегалци“ од воените жаришта на тогашната ЈНА, кои веројатно не беа



толку посакувани за да не им ги „загрозат“ местата на тукашните старешини. За среќа тие „детски болести“ брзо беа надминати, а особено со донесувањето на Одлуката за пристапување кон НАТО, која беше иницијална каписла за структурни промени во Армијата по сите основи. За волја на вистината, и ова создаде проблеми и незадоволства зашто мораше да се намалат високите формациски места и некои старешини да се поставаат на пониски функции. Сепак, немаше отстапување од Програмата, а сериозен пристап кон реформите и структуирањето на единиците по НАТО-стандардите се направи со формирањето на Првата гранична бригада на почетокот на 2000 година, иако подоцна и таа беше расформирана, а обезбедувањето на границата се стави во надлежност на МВР. Ваквите и други недоволно согледани пропусти и слабости, сигурно извршија влијание и врз успешното справување со војната, односно, поблаго речено, конфликтот во 2001 година, во кој, во Танушевци, за жал, првите куршуми беа испукани кон мене, но за среќа не ме погодија.

**Вие и како директор на Генералштабот на Армијата бевте еден од најангажираните старешини во реформирањето на армијата и имплементирањето на Програмата, што беше услов за прием во НАТО. Какви се Вашите сеќавања за овој период?**
Во 2006-2007 година Армијата навистина го достигна планираниот степен на трансформација на командите и единиците. Во голем дел од елементите беше постигнат значаен напредок на полето на интероперативноста со силите на Алијансата, а особено во делот на јазичната обука и оспособеноста на персоналот во согласност со НАТО-стандардите. Во голема мерка беа усвоени НАТО-процедурите за командување и контрола. Одредени борбени средства на Армијата беа опремени и модернизирани со современа и софистицирана опрема компатибилна со НАТО. Потврда за тоа беше учеството на нашите единици во мисиите предводени од НАТО и од ЕУ и реномето на нашата армија што го уживаше во меѓународното опкружување, а главно беше засновано врз високиот професионализам и ефикасност во извршувањето на задачите од страна на нашите мировници. Уште тогаш сфативме дека нашето членство во НАТО за нас не претставува привилегија, туку широк спектар од преземени обврски кои во целост мораме да ги исполниме, а поголемиот дел од нив се однесуваа на партнерските цели.



**Дали со достигнатиот степен на подготвеност на Армијата за учество во мисиите на НАТО тогаш беа исполнети задачите за прием во НАТО или уште нешто недостасуваше?**
Во согласност со директивите и Програмата за трансформација на одбраната, за да се запазат роковите за извршување на задачите, во Генералштабот со наредба беше утврден посебен Динамичен план за трансформација на АРМ кој тогаш, речиси, беше завршен. Со задоволство можам да истакнам дека 90 отсто од командите и единиците на АРМ, вклучувајќи го ЗОК, двете активни механизирани пешадиски бригади, како и командите за обука и логистичка поддршка, беа трансформирани. Исто така, за тој период беа завршени и задачите од Стратегискиот одбранбен преглед (СОП), со кој се направи голем „пресек“ во персоналот, што создаде незадоволство кај многу старешини кои предвреме беа пензионирани и препуштени самите на себе. Армијата беше посебно мотивирана и продолжи да се подготвува за големиот ден, за приемот на нашата земја заедно со Хрватска и со Албанија во НАТО, како членки на Јадранската група на Самитот во Букурешт 2008 година. За жал, тоа не се случи од познати причини, а ние уште 11 години останавме да чекаме во предворјето на Алијансата, но за среќа го дочекавме Преспанскиот договор кој широко ни ги отвори вратите.

**По стапувањето во сила на Преспанскиот договор беше отстранета и последната пречка за прием на нашата земја во НАТО. Има ли уште незавршени задачи на кои треба да се фокусира Армијата?**
И покрај споменатите „сопки“ што ни беа поставувани, ние во Армијата останавме целосно посветени на работата и настојувавме темелно и професионално да ги завршиме реформите. Меѓутоа, треба да се сфати дека трансформацијата на вооружените сили не е и не може да биде крајно дефинирана состојба на воените капацитети, туку тоа е процес кој тече. И самата НАТО-алијанса се трансформираше, оди напред, се менува,



внесува нови системи и се усовршува. Затоа мошне брзо мораме да ја стигнеме и да се приспособиме кон новите промени. Од тој аспект внимателно треба да се следи нејзината трансформација и да се усогласуваат целите, плановите и постапките, за да бидеме во чекор и секогаш подготвени за дејство. Од голема помош во тоа ни беше, а и сѐ уште ни е НАТО-советодавниот тим, кој постојано нѐ насочува во преземањето мерки за подобро опремување и обучување на силите, за соодветно пополнување со персонал и системи за поддршка, кои овозможуваат одржливост на Армијата. И, да одговорам на вашето прашање, значи, има уште незавршени задачи и предизвици, а особено сега кога сме формално членка на НАТО.



**Во согласност со реформите и по сила на законот, многу искусни и стручни старешини отидоа во пензија, од кои само некои останаа присутни во Министерството и Армијата како советници на помладите кадри што стапија на високи и одговорни функции. Какво е Вашето мислење за советниците?**



- Во периодот од 2010 до 2012 година и јас ја извршував должноста советник на НГШ, и тоа имав чест да го советувам најмладиот началник на Генералштабот, генералот Мирослав Стојановски, кој со два мандата ја извршуваше таа должност. Тогаш се чувствував некорисен, зашто навистина немаше што и за што да го советувам. Институцијата „советник“ или „советодавен тим“ не е непозната и во организацијата на НАТО. Особено тоа е поврзано со ангажирањето на пензионираните воени и цивилни лица, чие искуство и стручност можат и треба да се искористат со нивно вклучување во разни советодавни тимови, во ветерански здруженија и други асоцијации кои се занимаваат со одбранбени и безбедносни проблеми. Ова го кажувам и од лично искуство, бидејќи како директор на Генералштабот на АРМ имав можност да остварам блиска соработка со тимот Буз-Ален-Хамилтон, кој беше составен од пензионирани воени лица коишто биле на мошне високи позиции во армиските структури. За волја на вистината, и кај нас неколкумина генерали во пензија се ангажирани во МО како советници, но тоа е само капка вода од морето.

**Вие сте потпретседател на Клубот на генерали од Армијата, а мошне сте активен на трибините што ги организира Здружението на ветерани од безбедноста и одбраната. Каков е Вашиот коментар за оваа активност?**

Како потпретседател на Клубот на генерали во последните четири години постојано сум бил во контакт со началниците на Генералштабот на Армијата и сум искажал подготвеност за вклучување на Клубот во какви било корисни активности, бидејќи навистина располага со голем потенцијал на старешини со респективна стручност и искуство. За активирање на расположливите капацитети, заедно со претседателот на Клубот посетивме повеќе авторитети во државата, меѓу кои и претседателот на државата, премиерот, министрите за одбрана и за внатрешни работи, и ги понудивме нашите услуги. Навистина нашата иницијатива речиси од сите беше поддржана, но само премиерот на Владата ни понуди партнерство. Но, и овде сакам да нагласам дека треба да покажеме поголема проактивност, а не да останеме само на декларативните определби и да дебатираме во „празно“.

**Додека бевте активен во службата, говоревте дека не Ви останува време за домашни работи. Веруваме дека сега сѐ е изменето. Ви останува ли време за некоја неостварена желба или интересно хоби?**

Покрај моите „ситни“ ангажирања во Клубот и во Здружението на ветерани во одбраната и безбедноста, времето главно го поминувам со мојата внука Ена, која сега е прво одделение и која ми ги разубавува пензионерските денови. Сакам да спомнам дека од здравствени причини се откажав од мојата голема љубов кон кошарката, но и тука си најдов замена со интензивно телевизиско следење од фотелја на натпреварите на европските лиги. Се посветив, како што велат Турците, на „сеирџи спортот“. Туку, многу е битно да не згасне волјата за какво било активност, со што се дава придонес и кон зачувувањето и јакнењето на здравјето.

Мендо Димовски



# ПАДОБРАНСКА ПУШКА „ФГ-42“

Потребата за развој на падобранска автоматска пушка („Fallschirmjagergewehr 42“ – Падобранска пушка, модел 1942) се јавила најверојатно по германскиот десант на Крит, во мај 1941 г.. Во крвавите борби на Крит 1941 г., германските падобранци претрпеле огромни загуби од кои, според тврдењата на историчарите, германските вооружени сили никогаш не заздравиле. Има повеќе причини зошто имало толку големи загуби. Некои истакнуваат дека прва причина е таа што Британците наводно успеале да ги пробијат германските шифри, па така дознале за деталите на планот за десант. Можеби ова е точно, но генерално главната причина за големите загуби кај падобранците лежи во фактот дека тие скокале невооружени, бидејќи личното вооружување на падобранците било исфрлувано од авиони во посебни контејнери. Така, првиот бран на падобранци морал да ја прифати борбата со добро утврдените Британци само со рачни бомби и со по некој пиштол и автомат. Според тогашните норми, на падобранецот му требале 80 секунди, по идеалниот доскок, да се ослободи од падобранот а потоа да го побара најблискиот контејнер со вооружување. Така, кога

> Пушката „ФГ-42“ била една од најнапредните пушки на своето време. По војната САД покажале голем интерес за оваа пушка, обидувајќи се да ги спојат митралезот „МГ-42“ со принципот на работа на пушката „ФГ-42“. Од овој неуспешен експеримент најпрво настанал митралезот „Т-44“, а подоцна подоцна прочуениот митралез „М-60“ кој и денес се наоѓа во употреба

би го зел оружјето, падобранецот можел рамноправно да ја прифати борбата. Токму во тој интервал – од доскокот па до вооружувањето загинале најмногу падобранци. По оваа горчлива лекција морало итно да се пристапи кон некои промени. Падобранците од тогаш по можност морале да скокаат со вооружување. Воведени биле и нови начини на врзување за падобраните со кои падобранците можеле да се ослободат за десетина секунди, но најважна била одлуката да се развие ново оружје, специјално за опремување на падобранците. Развојот на тоа ново оружје, германското воздухопловство – „Луфтвафе“, кое во сѐ било „држава во држава“, го започнало самостојно, но дури по неуспешниот обид истото да се развие по редовен пат преку агенцијата за истражување и развој на копнената војска. Големиот ривалитет кој владеел помеѓу Луфтвафе и Вермахтот довел до тоа да и едните и другите паралелно работат на новото оружје според слични тактичко-технички побарувања. Тоа ново оружје и двете страни го замислиле како автоматско, и тоа требало да ги замени веќе застарените карабини „Маузер 98К“ и да ја зголеми огнената моќ на војниците како поединци. Според ознаките на автоматските пушки на Луфтвафе (ФГ-42) и на Вермахтот, се гледа дека настанале во ист период, бидејќи на почетокот пушката „Stg 44“ (Sturmgewehr 44) имала ознака „MKb42“ (Maschinenkarabiner 42). Единствено е тоа што војската го развивало оружјето околу новиот „краток“ куршум 7,92x33 мм, заради други тактички идеи, додека воздухопловството останало на тоа новата пушка да биде во проверениот, силен карабински калибар 7,92x57мм. Развојот на новата падобранска автоматска пушка, идната „ФГ-42“, не е препуштен на вообичаените институции. Оваа работа „Луфтвафе“ ја доверила



на свои луѓе од Министерството за воздухопловство, кои на повеќе производители на вооружување им испратиле барање за развој на ново универзално падобранско оружје. Тоа морало да има такви габарити за да со него падобранците можат да скокаат, морало да има можност за селектиран режим на оган и да користи муниција за пушки, а не за пиштоли.
Од новото оружје било побарано да не биде подолго од еден метар, да не биде потешко од карабинот 98к (ако може и полесно), да користи стандардна муниција за пушка 7,92x57мм, а капацитетот на рамката за муниција да биде најмалку 10 куршуми, и тоа со заменливи рамки и полнење со поединечни куршуми (ленти со 5 куршуми). Тоа требало да има можност за бирање на режим на стрелба, да биде стабилно при автоматска стрелба

Точниот број на произведени пушки никогаш не е утврден, но се смета дека не поминал 5.000 примероци. Оваа пушка настанала предоцна и била произведена во исклучително мал број така што не го покажала потенцијалот кој се криел во нејзината напредна конструкција

и при гаѓање од стоечки став, да има можност за монтажа на оптички нишан со зголемување 1,5x и за тромблон, а општиот облик на оружјето да овозможува да се користи како палка при блиска борба, да има шина за бајонет или да има вграден преклопен шилест бајонет, да има едноставни ногарки заради стабилност при гаѓање од лежечки став. Оружјето при автоматска стрелба требало да биде стабилно и да не отскокнува. Не морало да има класичен кундак, но морало да има потпирка за раме и максимално да биде заштитено од влијание на нечистотија и да биде отпорно на сите видови  удари и потреси, заради природата на употреба.
По поднесувањето на барањето на повеќе адреси во декември 1941 г., веќе на почетокот на 1942 г. две компании започнале со развој на бараното оружје - „Rhenmetall-Borsing“ и „Heinrich Krieghoff Waffenfabrik“. Првите произведени прототипови на двата производители пристигнале во „Луфтвафе“ кон средината на 1942 г.. Многу брзо „Луфтвафе“ се одлучило за пушката на компанијата „Рајнметал“, чиј конструктор бил Луис Штанге, познат уште и по многу успешната конструкција на автоматот „Штаер-Золотурн МП34“. Следеле низа промени на оригиналниот дизајн. Принципот на работа водел потекло од митралезот „Луис“ од периодот на Првата светска војна. Едно од најинтересните решенија било можноста да се пука со единечна стрелба со затворен затворач (за поголема прецизност), а автоматска стрелба со отворен затворач. Денешните модели пукаат од отворен затворач, со што се обезбедува најдобро ладење и се спречува можноста за самоиспукување при интензивно користење.
Падобранската пушка „ФГ-42“ била една од најдобрите оружја кои биле користени за време на Втората светска војна. Пушката функционирала на принципот на позајмување на барутните гасови. Гасниот цилиндер е сместен под цевката и со клипот го придвижува ротирачкиот затворач со две  брадавици за забравување. Уште некои од новините во конструкциите кои тогашниот конзервативен Вермахт никогаш не би ги прифатил биле и положбата на рамката за муниција која се ставала од левата страна, таканаречената „линиска“ конфигурација на пушката и диоптерскиот нишан. Она што е уште интересно во дизајнот на „ФГ-42“ е исклучително искосената пиштолска ракофатка, која наводно била поставена за да се овозможи падобранците полесно да дејствуваат додека висат под куполата на подобранот. Ова се покажало како исклучително неупотребливо и непрактично и со подоцнежна модификација пиштолската ракофатка добила „нормална“ положба. Пушките од првата серија која уште се означува и како „Модел I“ имале масивна метална ребреста потпирка за раме од пресуван лим. Сандакот бил изработуван од легура на челик



со сложена машинска обработка и од левата страна се ставала рамката за муниција, додека од десната страна се наоѓал отвор за исфрлување на чаурите. Ваквиот начин на прием на муницијата овозможил монтажа на гасниот механизам под цевката и наназад во кундакот, со што се добило на компактност и мала должина на пушката. Пиштолската ракофатка била дел за себе и содржела механизам за чкрапање и селектор на стрелба и била изработена од пресуван лим. Предниот подкундак бил изработен од дрво со отвори на горната страна заради ладење на цевката. Неговиот облик спречувал раката на корисникот за време на употребата да дојде со врелите делови на пушката. Како стандардна опрема биле и стабилните преклопни ногарки, кои се наоѓале под цевката и се преклопувале напред – од предниот подкундак кон устата на цевката и го криеле бајонетот во склопена положба. На врвот на цевката се наоѓал масивен компензатор (разбивач на истрелот - сокривач на пламенот) со навој за монтажа на тромблонски додаток. Предниот и задниот нишан биле преклопни, бидејќи поради „линискиот" дизајн на пушката морале да бидат монтирани доста високо над цевката. Задниот нишан имал поделба за далечини од 100 до 1200 метри. На пушката можел да се монтира оптички нишан „ЗФ-41" со зголемување од 1,5х. Се полнела со рамка за муниција од 10 или 20 куршуми.

Според првичната замисла од „Рајнметал", материјалот за пушката требало да биде хром-никл челик, што е идеален материјал за огнено оружје, но стратегиски важна легура за Германците. Кога на „Луфтвафе" му било дозволено да започне со сериско производство (3.000 примероци), материјалот морал да се промени во мангански челик. Бидејќи „Рајнметал" не бил во можност да започне со сериско производство поради зафатеност на капацитетите со производство на митралези и топови, производството било префрлено во „Krieghoff". Но и ним после 2.000 произведени примероци им недостасувал мангански челик, па производството било прекинато. Во меѓувреме и извештаите од терен зборувале дека пушката е премногу лесна и дека контролата на пушката при автоматско дејство е речиси невозможна, односно дека за автоматска стрелба е неупотреблива, па дури и за кратки рафали. Пристигнувале и жалби дека пушката е премногу кршлива за груба теренска употреба и дека не е добро избалансирана поради положбата на рамката за муниција.

Поради недостаток на првобитниот материјал и реалните недостатоци кои се покажале по употребата во теренски (борбени) услови, „Krieghoff" пристапил кон сеопфатна модификација, од која „ФГ-42" практично станала „нова пушка" и која е означена како „Модел II". Покрај поедноставувањето кои со себе ги носи военото масовно производство, модификациите и промените кои компанијата ги вовела биле во некои области и многу напредни. Сандакот кај поранешниот модел бил изработуван со сложена машнска обработка со едно парче, а новиот модел целиот е изработуван од пресуван лим, но ваквото производство имало и недостатоци (лоша цврстина на поединечни делови и склопови и слично).

Покрај сè, се покажало дека производството на пушката „ФГ-42" никако не може да биде економично. Новата варијанта на оваа пушка имала поголема тежина за да може полесно да се контролира при автоматско дејство, а од иста причина и брзината на стрелбата е намалена од 900 на 600 куршуми во минута. Од повеќето модификации се истакнуваат следните: предниот нишан и носачот на бајонетот се изменети, преклопните ногарки биле поцврсти од претходните, се наоѓале на истото место, но се преклопувале кон подкундакот, а се потпирале под предниот нишан, кундакот е изработен од ламинирано дрво, аголот на пиштолската ракофатка е сменет, како и целата ракофатка со нова положба на кочницата и селекторот на стрелба, обликот на предниот подкундак е изменет, догpаден е одбојник на празните чаури, заради заштита на корисникот и вграден е приспособлив регулатор на протокот на гасовите.

Бидејќи „ФГ-42" никако не можела да ги замени лесните митралези/ пушкомитралези, војската не се откажувала од унификацијата и развојот на автоматското оружје околу куршумот во калибар 7,92х33мм и званично побарале запирање на понатамошниот развој и производство на „ФГ-42".

Во корист им одело и масовното производство на автоматската пушка „Stg 44", која одлично се покажала во борбени услови. Како и да е, „Луфтвафе" никогаш службено не го усвоил „краткиот" куршум 7,92мм. Како што војната се одвивала, германската војска сè повеќе заземала одбранбени позиции и водела одбранбени борби, па во согласност со ситуацијата и падобранците се бореле како обична пешадија. Со тоа и престанала потребата за нивно опремување со посебна пушка. Но, од некои непознати причини, на „Луфтвафе" му било дозволено производство на 5.000 пушки „ФГ-42" кон крајот на 1944 г.. Најдобра оценка за пушката „ФГ-42" можеби дал генералот Штудент во својот извештај до Геринг од 10.11.1942 г. каде вели: „Тоа е еден помал, згоден карабин со пиштолска ракофатка, кој воедно е и пушка и автомат и митралез заедно, а притоа не е потежок од карабинот 98к". Првата јавна употреба на пушката „ФГ-42" била при ослободувањето на Бенито Мусолини во акцијата на германските падобранци во Гран Сасо во септември 1943 г.. Сигурни докази за употребата на оваа пушка во битката за Монте Касино постојат во вид на фотографии. Со сигурност може да се каже дека се користела и во Франција, каде што падобранците им давале силен отпор на сојузниците. Пушката не е користена при десантот на Дрвар, бидејќи во таа акција не учествувале падобранци на „Луфтвафе", туку 500. СС-падобрански баталјон.



Александар Стојчевски



# „XIAN H-20“



Со основањето на Народна Република Кина, Комунистичката партија на Кина и народната влада го поставиле на врвот на својата агенда за дневен ред проблемот на создавање сопствена, силна авионска индустрија. Ситуацијата во светот и потребите на националната одбрана ја поттикнале Кина да започне со развој на сопствена воздухопловна индустрија. Во 1951 година го основаат „Aviation Industry Bureau“ под надлежност на „Heavy Industry Ministry“ со цел да се направи подготовка на индустријата за производство на воздухоплови. Бирото одлучило да се развие сопствената индустрија, најпрвин преку имитирање при изработка, ремоделирање, а потоа и со самостојно дизајнирање на авиони. Претседателот Мао Це Тунг и кинескиот премиер биле длабоко загрижени и лично вклучени во изградбата на сопствена авионска индустрија. Водечки принцип за развој на авионската индустрија - од поправка преку копирање до дизајн и производство („from repair to copy production and then from copy production to design and manufacturing“), бил




основан од страна на самиот премиер на државата, а историската практика покажала дека овој водечки принцип е точен. Започнала истражувачка, научна методологија со револуционерен дух, преку изучување на странската напредна технологија и нејзино почитување при имплементацијата. Биле спроведени два стратешки чекори кои не биле лесна задача: да се обучи технички персонал од почеток, базиран на авионската индустрија и да се употребуваат домашни материјали. Авионската индустрија морала да се базира на развојот на националната економија и силно да биде поддржана од основните индустрии.
Криза во развој на авионската индустрија се појавила во раните 1960-ти години, кога Советскиот Сојуз го прекинал договорот и ги повлекол своите експерти. НР Кина енергично презела посебни мерки кои постигнале целосен успех. Авионската индустрија започнала со производство на авиони за воздухопловните сили и за морнарицата. Таа, исто така, го зголемила техничкиот напредок на кинески суровини и на преработени индустриски материјали со изградба на сопствена технологија за производство.

**Развој на воздухопловот**

Кинеската компанија „Aircraft Industrial Corporation“, која е дел од поголемата државна компанија „Aviation Industry Corporation of China“, работела на тајно дизајнирање на воздухоплов опишан како копија на „Northrop Grumman B-2 Spirit“ бомбардерот на американските воздухопловни сили. Тој е наведен како стратешки проект на Народноослободителната војска на Кина. Авионот „Xian H-20“ претставува стелт-воздухоплов од класата бомбардери на воздухопловните сили на Народноослободителната војска (People’s Liberation Army Air Force).
Кина не се насочувала на развој на брз бомбардер, туку на поамбициозен пристап за изградба на масивен авион со стелт-технологија кој ќе биде помалку подложен на откривање од радари, во стилот на американските „B-2“ и претстојниот „B-21 Raider“. Доколку ги поседува карактеристиките што му се припишуваат, тогаш тоа би можело да го смени стратешкиот баланс помеѓу САД и Кина со изложување на американските бази и флоти од воздушни напади низ Пацификот. Авионот би можел да се пробива низ непријателските воздушни одбрани за да ги неутрализира целите со висок приоритет, како што се аеродромите и командните и контролни објекти за време на конвенционален конфликт од големи размери. Тие, исто така, би можеле едноставно да ги неутрализираат јазлите за противвоздушна одбрана, со цел да го исчистат патот за следните напади од помалку заштитени авиони на Кина. САД и кинеските власти веќе се мошне напнати околу тензиите во Јужното Кинеско Море, потоа воената помош за Тајван, жестоката трговска војна и очигледните обиди на Кина преку медиумите да ја поткопаат јавната перцепција во САД против претседателот и неговата администрација. Кинеската влада им дозволила на официјалните медиуми да го потенцираат „X-20“, односно понатаму да ги потенцираат растечките воени капацитети, без оглед на реалниот напредок во развојот на авионот.
Кинеските воени претставници дале јасни намери да развијат стратешки бомбардер кој може да ги погоди целите надвор од вториот островски синџир без воздушно полнење, носејќи носивост од најмалку 10 тони. Истражувачот на воздухопловството, Фу Кјаншао, изјавил дека кинескиот бомбардер има дострел од најмалку 12.000 километри, со носивост двојно поголема отколку проектираната, односно од околу 20 тони. САД очекуваат „X-20“ да може да носи и нуклеарно оружје. Во октомври 2018 година, во Пекинг било објавено дека оваа година на планираната парада по повод 70-годишнината од формирањето на воздухопловните сили на Народноослободителната војска, ќе биде обелоденет стелт-бомбардерот „H-20“, којшто сè уште е во фаза на финално тестирање. Кина верува дека авионот наскоро ќе биде доволно подготвен за да му го покаже на јавноста и на меѓународната публика.
Неодамна американската разузнавачка заедница за прв пат во новиот извештај јавно го потврдила постоењето не на една, туку на две програми за развој на кинески бомбардери. Во прилог се вели дека Кина работела на помал, регионално фокусиран стелт-бомбардер. Оваа нова информација била содржана во најновиот извештај за воената моќ на Кина, кој агенцијата го објавила на 15 јануари 2019 година. Генерално, само три земји имаат императив и ресурси да развијат огромни стратешки бомбардери кои можат да напаѓаат цели ширум светот: САД, Русија и Кина. Стратешките бомбардери имаат смисла за Кина, бидејќи Пекинг ја доживува доминацијата на западната половина на Тихиот Океан како суштинска за нејзината безбедност поради нејзината историја на поморска сила и предизвикот што го претставуваат САД. Двете суперсили се поделени со пет до шест илјади милји водена површина, а минатиот век САД го поминале во развој на мрежа на островски територии како што се Гуам, странските воени бази во Источна Азија (Јапонија и Филипини) и други како втор островски прстен, заедно со носачите на авиони со кои може да се проектира воздушна и поморска сила. Третиот островски прстен се протега на Хаваи и на крајбрежната Австралија. Во американскиот и кинескиот конфликт, најдобриот метод за неутрализирање на воздухопловната моќ на САД би бил таа моќ да се уништи додека е на земја (или на носачите на авиони). Додека балистичките проектили се подложни на откривање и следење со оглед на адекватното предупредување, стелт-бомбардерот од овој тип би можел да се приближи многу поблиску до оперативните сили и до воздухопловните бази, давајќи ѝ на одбраната малку време да реагира.

Драган Павловски



# Меѓународен правен поредок – **Забрана за нуклеарните оружја**

Повелбата на Обединетите нации, покрај напорите за одржувањето на меѓународниот мир и безбедност, конкретно во чл. 11 предвидува и развој на процесот на разоружување: процес на преговори за општо и целосно намалување на оружјето на глобално ниво. Ваквата констелација меѓу државите и нивната постојана соработка би требало да создаде простор кој ќе ги приближи кон крајната цел, која честопати се чини апсолутно невозможна

Разоружувањето не треба да се поистоветува со забраната за употреба на одредени оружја од хуманитарни причини, ниту со демилитаризацијата која има цел отстранување или намалување на присуството на оружје или на вооружени сили во дадена област. Разоружувањето се постигнува преку конвенционални ветувања дадени врз основа на реципроцитет, гарантиран со рамнотежата на силите. Самиот процес подразбира повеќе преговарачки рамки: колажот на меѓународни прописи се состои од бројни билатерални и мултилатерални конвенции, додека мерките за разоружување се однесуваат главно на оружјето за масовно уништување, чија употреба претставува најголем ризик по човештвото, покрај хемиското, биолошкото оружје и нагазните мини чија употреба е забранета со правото на вооружени судири.

Во согласност со податоците на Американската федерација на научници од ноември 2018 година – девет земји заедно поседуваат околу 14.485 парчиња нуклеарно оружје, од кои 93 проценти им припаѓаат на САД и на Русија. САД



со 6.450 боеви глави на располагање, се воедно и единствена држава која има употребено нуклеарно оружје досега и вложува огромни ресурси за модернизација и одржување на истите, финансиски инвестирајќи како сите останати држави комбинирано. Руската Федерација поседува 6.850 боеви глави и претставува втора светска сила која поседува вакво оружје. Следуваат Франција со 300 боеви глави, Кина со 280, Обединетото Кралство со 215, Пакистан со 140 до 150, Индија со 130 до 140, Израел со 80 и Северна Кореја со 10 до 20 боеви глави. САД и Русија одржуваат околу 1.800 боеви глави на висока приправност - подготвени за лансирање во рок од неколку минути. Интересот на Иран за нуклеарната



технологија датира од педесеттите години на минатиот век, кога шахот на Иран доби техничка помош во рамките на американската кампања за мир. Иако оваа помош заврши паралелно со крајот на Иранската револуција од 1979 година, Иран остана заинтересиран за нуклеарна технологија и успеа да развие софистицирани можности за збогатување ураниум, кои подоцна станаа предмет на интензивни меѓународни преговори и санкции во периодот меѓу 2002 и 2015 година. Преговорите меѓу П5+1 (САД, Русија, Франција, Германија, Обединетото Кралство, Кина и ЕУ) и Иран доведоа до Заедничкиот сеопфатен план за акција (JCPOA) во јули 2015 година, сеопфатен 25-годишен нуклеарен договор кој ги ограничува нуклеарните капацитети на Иран во замена за олеснувања од можни санкции.
На 16 јануари 2016 година, сите санкции во врска со нуклеарниот програм на Иран беа укинати како  одговор на неговиот напредок – Иран ги исполнува клучните барања во согласност со договорот. На 8 мај 2018 година, претседателот на САД, Доналд Трамп, објави дека САД еднострано ќе отстапи од договорот со Иран, планирајќи повторно да ги воведе санкциите поврзани со нуклеарната енергија во Иран. Како дел од договорот за споделување на нуклеарното оружје на НАТО, пет европски држави (Белгија, Германија, Италија, Холандија и Турција) поседуваат нуклеарни арсенали на својата територија, додека преостанатите земји-членки на воената алијанса тврдат дека се потпираат на нуклеарното оружје на САД за нивната безбедност.
Паралелно, постојат нации со нуклеарна енергија или истражувачки реактори способни да бидат пренасочени за производство на оружје, дотолку што ширењето на нуклеарното „know – how“ го зголеми ризикот дека повеќе нации ќе успеат во тоа. Уште по распадот на Советскиот Сојуз, САД потроши значителни ресурси за демонтирање на оружјето и производствените капацитети, како и за обезбедување дека американските научници имаат алтернативни вработувања за да не бидат принудени да ја продаваат својата експертиза на највисокиот понудувач. Покрај заканите од Северна Кореја, Иран и Пакистан, пософистицирана е можноста непријателска група да пробие во командните и контролните компјутери за нуклеарна енергија или во системот за рано предупредување, оддавајќи впечаток дека е неизбежен неминовен напад.
Нуклеарното оружје и нему поврзаните системи стануваат сè поранливи на софистицирани сајбер-напади, а нуклеарните држави мора да соработуваат и да ги забрзаат напорите за спречување на напад кој би можел да има катастрофални последици. Сајбер-заканите насочени кон нуклеарното оружје и сродните системи, вклучувајќи ги и системите на нуклеарно планирање, системите за рано предупредување, комуникациските системи и системите за испорака, го зголемуваат ризикот од неовластена употреба на нуклеарно оружје, зголемувајќи го ризикот од нуклеарни емисии како резултат на лажни предупредувања, поткопувајќи ја довербата во нуклеарното одвраќање. Ова е затоа што брзината, прикривањето, непредвидливоста и предизвиците на припишување на конкретна сајбер-тактика го отежнуваат предвидувањето, одвраќањето и одбраната од сите сајбер-закани. Најсмртоносното оружје во светот е  чувствително  на скриени напади од скриени непријатели – напади кои би можеле да имаат катастрофални последици, стои во предговорот на анализата „Нуклеарните оружја во новото сајбер-доба’’, на работната група на непрофитната организација „Nuclear threat initiative”.  Сајбер-заканите се шират и се развиваат со неверојатна брзина, а владите не одржуваат соодветен чекор со развојот на настаните, онака како што би требало. Од суштинско значење е американската влада и сите нуклеарно вооружени држави соодветно да пристапат кон оваа закана.

Московскиот договор од 5 август 1963 година ги забранува нуклеарните проби во атмосферата, во вселената и под вода. Подземните тестови остануваат, во согласност со правото кога немаат никакво дејство надвор од територијата на државата која ги врши. Меѓународното вселенско право ја протега оваа забрана и на небесните тела, додека Вашингтонскиот договор ги исклучува и подземните проби на Антарктикот



## ICAN, меѓународна кампања за укинување на нуклеарните оружја

Инспирирани од големиот успех на меѓународната кампања за забрана на нагазни мини која одигра исклучителна улога за договорот од Отава – група ентузијасти во април 2007 година во Австрија, формално ја започнуваат ICAN, меѓународна кампања за укинување на нуклеарните оружја. Од самото основање ICAN работи на изградба на глобална поврзаност во насока на јавна поддршка за укинување на нуклеарните оружја. Вклучувајќи се во работата на различен спектар на групи како Меѓународниот комитет на Црвениот крст и истомислени влади, ICAN помогна за преструктуирање на дебатата за нуклеарното оружје и создавање глобален импулс за нејзина елиминација. Организацијата оперира како коалиција составена од неколку стотини невладини организации, од локални мировни групи до глобални федерации: меѓународната група за управување која ги координираа активностите на кампањата е лоцирана во Женева, Швајцарија. Генералниот секретар на ОН реферираше за ICAN во 2012 година во еден од своите говори пред ОН: „Пофалби за работата со таква посветеност и креативност во исполнување на нашата заедничка цел". Поради своите вонсериски напори, ICAN е добитник на Нобеловата награда во 2017 година, токму поради својата активност да привлече внимание кон катастрофалните хуманитарни последици од секоја употреба на нуклеарно оружје, како и за напорите за постигнување на забраната за такво оружје врз основа на договор.

## Договор за забрана на нуклеарно оружје

Со резолуцијата 71/258 на 7 јули 2017 година, Обединетите нации усвоија значаен договор, официјално наречен Договор за забрана на нуклеарно оружје. Договорот како таков, правно обврзувачки, е предвидено да стапи на сила три месеци откако ќе биде потпишан и ратификуван од страна на педесет (50) држави-потписнички. На почетокот на јануари 2019 година, брои 58 потписници и 7 ратификации. Според официјалните податоци, во преговорите учествувале сто триесет и пет (135) земји, од кои сто дваесет и две (122) земји, речиси две третини од вкупниот број членки на ОН, гласаа за усвојување на Договорот. Само Холандија гласаше против (како единствена НАТО-членка која гласаше), а само Сингапур се воздржа од гласање. Шеесет и девет држави не гласаа: сите НАТО-членки, како и државите кои поседуваат нуклеарен арсенал. Договорот за државите предвидува да обезбедат соодветна помош за сите жртви на употреба и тестирање на нуклеарно оружје, вклучувајќи медицинска нега, рехабилитација, психолошка поддршка и нивна социјална и економска вклученост. Преамбулата ја признава штетата што била претрпена како резултат на употребата и тестирањето на нуклеарното оружје, вклучувајќи го и диспропорционалното влијание на активностите на нуклеарното оружје врз домородните народи. Исто така, го признава диспропорционалното влијание врз жените и девојчињата. Договорот им забранува на државите да развиваат, да тестираат, да произведуваат, да пренесуваат, да поседуваат, да складираат, да користат или да се закануваат со употреба на нуклеарно оружје. Исто така, им се забранува да помагаат или да поттикнуваат друг да се вклучи во некоја од тие активности и не смеат да дозволат поставување или распоредување на нуклеарно оружје на нивната територија.

## Хибакуша

„Хибакуша" е јапонски термин кој се користи за преживеаните од бомбардирањето на Хирошима и Нагасаки, во буквален превод значи „луѓе кои биле изложени на радијација''. И покрај бројните контроверзности и полемизирања во екот на процесот кон Договорот, во ниеден момент не смее да се занемари значењето на ваква недвосмислена политичка посветеност, која има цел постигнување и одржување на свет без нуклеарно оружје. За разлика од сеопфатната конвенција за нуклеарно оружје, првичната намера не беше Договорот да ги содржи сите законски и технички мерки кои се потребни за постигнување на точката на елиминација. Таквите одредби ќе бидат предмет на дополнителни преговори, што може да го трасира патот првичниот договор да биде заклучен релативно брзо, и доколку е потребно, без учество на нуклеарните нации. Сведоштвата на „хибакушите" и натчовечките напори на дел од нив, за свет без нуклеарно оружје, паралелно со заложбите на засегнатите страни и бројни реномирани здруженија на национално и на глобално ниво, придонесоа кон овој историски договор – првиот правно-обврзувачки меѓународен договор за сеопфатна забрана на нуклеарното оружје, со цел негова целосна елиминација.

Тамара Лазаревска





# Гаѓање со контрамарш – революционерен воен пронајдок од XVI век

Војната со текот на времето го менува својот облик и карактеристики, но во секој период од историјата може да се најдат по неколку појави кои го прават тој период препознатлив и поразличен од другите. Многу често за овие карактеристични појави се кажува дека се револуционерни затоа што побудуваат некакви промени во војските, во државите или во светот

Како еден од револуционерните пронајдоци на XVI век се издвојува „гаѓањето со контрамарш", како техника на војување и ангажирање на силите и средствата на теренот. Гаѓањето со контрамарш претставува елемент на пешадиската тактика која опфаќа војување во кое единицата е построена во ешалон, вооружена со мускети (или харкебуси) и отвора оган по непријателот, така што секој војник од првата редица гаѓа на команда и веднаш после тоа се повлекува на крајот од својата колона, при што се отстапува место на следната редица да продолжи со гаѓање. Со повлекувањето, секој војник е должен да го наполни оружјето, да го подготви за дејство и да чека да повторно да дојде неговиот ред за гаѓање. Овој пронајдок на полето на воената вештина е често претставуван како револуционерен, и тоа на исто рамниште како и развојот на дизајнот на тврдините, развојот на тешката бронзена артилерија и употребата на артилеријата на пловила. Неговото значење најмногу се препознава во промените кои ги иницира во Холандија кон крајот на XVI и почетокот на XVII век, и тоа почнувајќи од неговото воведување како основен начин на ангажирање на пешадијата на терен, извежбувањето (дрил) на постапките опфатени со оваа техника, преку стандардизацијата на вооружувањето и пешадиските формации, па сè до воената издавачка



дејност и организирањето на различни курсеви од страна на холандската армија.
Она што е фасцинантно и несекојдневно за овој револуционерен пронајдок е тоа што изворно тој е откриен два пати во различни периоди на XVI век. Прво гаѓањето со контрамарш како концепт се сретнува во Јапонија околу шеесеттите години на XVI век, подоцна повторно околу деведесеттите години на истиот век во Холандија. Во Јапонија, тогашниот обединител на јапонските провинции и војсководец, Ода Нобунага, прави револуционерна промена во основното вооружување на јапонскиот самурај и наместо традиционалниот меч – катана, го воведува португалскиот харкебус. Харкебусот е пешадиско вооружување – пушка од средниот век со мазна ненажлебена цевка, долго 1,3 m, коешто се полни со црн барут и истрелува оловна дијабола тешка 20 грама. Иако ова модерно вооружување било пософистицирано од лакот и од стрелата, имало значителна негативна карактеристика – голема непрецизност и долго време на полнење. Она што било фаворизирано од јапонските авторитети била прецизноста наспроти брзината, па затоа со воведувањето на ова оружје како основно лично вооружување, почнале да се отвораат школи за стрелаштво и да се издаваат прирачници за гаѓање во кои сликовито биле претставувани различни ставови за гаѓање со харкебус. За да се зголеми брзината на гаѓање со харкебуси на една јапонска пешадиска единица, Нобунага доаѓа до идејата за гаѓање со контрамарш, инспириран од истиот концепт на гаѓање со лак и стрела. Доказ за ефективноста на гаѓањето со контрамарш се пронаоѓа во битката кај Нагашино во 1575 година, во која војската на Нобунага извојувала значителна победа над алијансата предводена од Такеда Шинген, употребувајќи го токму овој концепт на гаѓање. Далеку познатото разоружување на Јапонија од 1630 година, го враќа модернизирањето на армијата еден чекор наназад, со што



Гаѓањето со контрамарш разгледувано од аспект на пронајдок, претставува еден од начините за употреба на пешадиските единици на терен и само по себе не би се карактеризирало како револуционерно. Тоа што го прави револуционерен овој пронајдок е фактот што со неговото појавување, тоа дава исклучително добри резултати, станува општо прифатена практика од широките народни маси и иницира промени прво на ниво на Холандија, а со текот на времето и на светско ниво



владата повторно ја воведува катаната како основно лично вооружување, а харкебусот и гаѓањето со контрамарш се исфрла од употреба. Од друга страна, европските армии во овој период бележат значителни успеси и револуционерни промени во начинот на војување. Од аспект на вооружување, Европејците на почетокот на XVII век го користеле мускетот како пософистицирана верзија на далеку потешкиот харкебус. Корените на гаѓањето со контрамарш во Европа најчесто се поврзуваат со писмото на гувернерот на Фризланд Вилијам Лодевик од Насо, од 18 декември 1594 година до грофот Морис де Насо – генерал на холандската армија. Во ова писмо Лодевик елаборира за своите идеи во врска со гаѓање со мускети со контрамарш, инспириран од писанијата на Елијан во книгата „Тактика од стотата година". Во ова писмо Лодевик приложува и скици за тоа како би требало да изгледа гаѓањето со контрамарш и како треба војниците што веќе гаѓале да се вратат на крајот на своите колони. На крајот тој споделува и искуства за тоа како тој ја обучувал и ја тренирал својата војска и укажува на остварливоста на оваа техника, но посочува на тоа дека, доколку Морис се реши да ги тренира војниците, тоа да го прави во тајност, поради ризикот од осуда од неговите колеги поради новината во војувањето. Морис де Насо покажува огромна доза на интерес кон новиот начин на ангажирањето на пешадијата и веднаш презема мерки за обучување и извежбување на холандската армија на овој начин.
Гаѓањето со контрамарш мора да се разгледува и како појава со која започнуваат промени од аспект на модернизација и стандардизација во холандската армија. Иако концептот за гаѓање со контрамарш навидум изгледа едноставен и лесен за примена, забележано е дека за неговото изведување била потребна огромна доза на извежбаност, координација и синхронизација на постапките на војниците и единиците. Токму поради ова, Морис де Насо решава да го воведе извежбувањето на постапките на гаѓањето со контрамарш, сè додека единицата не ги изведува совршено. Воведувањето на дрилот-извежбувањето на постапките како стандарден начин на тренинг, отворило едно ново прашање – бројноста на пешадиските единици, па така принцот на Оранж прави измени во пешадиските формации и го воведува стандардот секоја чета да има по 135 луѓе, и тоа 13 офицери, двајца курири, 45 војници вооружени со копје, 44 вооружени со харкебуси и 30 вооружени со мускет.

Уште една промена иницирана од воведувањето на гаѓањето со контрамарш како основен начин на пешадиско војување е стандардизацијата на вооружувањето во холандската армија. На ова поле Де Насо направил бројни тестирања и анализи на различни модели на харкебуси и мускети, па така одбрал по еден модел од секое оружје и испратил пет парчиња од секое како мостра на различни производители на оружје во Холандија. Целта била масовно производство на двата модели, со тоа што ќе бидат стандардно вооружување во холандската армија, ќе бидат исти по дизајн и ќе истрелуваат проектил со идентичен калибар. Подоцна, во периодот од 1610 до 1616 година, се забележува дека холандските произведувачи на оружје почнуваат да



прифаќаат нарачки од странски земји и почнуваат да ги извезуваат своите стандардизирани производи.
За ефективноста на гаѓањето со контрамарш и промените предизвикани од него, сведочи битката кај Њупорт на 2 јули 1600 година, водена помеѓу холандската и шпанската армија, во која несомнено Холанѓаните извојувале победа.
За оваа битка се кажува дека покрај мудрото позиционирање на артилеријата помеѓу пешадиските единици и големата бројна состојба од холандска страна, клучниот елемент во триумфирањето го одиграло гаѓањето со контрамарш и извежбаноста на холандските трупи ова да го изведуваат едновремено, синхронизирано, вешто и брзо.
За резултатите од оваа битка се забележуваат записи дека биле 4000 жртви од шпанската страна и стотици заробени војници, вклучително и вториот команден авторитет на шпанската армија. За успесите во битката кај Њупорт брзо се прочуло низ цела Европа, а импликативно на тоа, многумина искусни ветерани и војсководци пројавиле интерес за новата техника на употреба на пешадиското вооружување – гаѓањето со контрамарш. Едни од првите кои го присвоиле гаѓањето со контрамарш како техника за војување биле единиците на Отоманската Империја – јаничарите. Набргу по тоа, во 1605 година, учесници и очевидци на нападот на Естергом, посведочиле на практичната употреба на гаѓањето со контрамарш од страна на отоманските сили.
Холанѓаните, свесни за ефективноста на својот пронајдок, а воедно и за високата заинтересираност за учење на оваа техника од страна на соседните и странските армии, почнуваат да издаваат книги и прирачници на холандски, каде со слики биле претставувани чекорите за употреба на мускетите и харкебусите поединечно или во единица. Ваквите дела не само што биле илустрирани, туку веднаш станале цел на плагијат и биле преведувани на француски, на германски и на англиски јазик. Од овој период се забележуваат голем број на слични прирачници од различни автори во кои неизбежно е да се сретне гаѓањето со контрамарш и ракувањето и употребата на харкебусот или мускетот.
Набрзо после отпочнувањето на издавањето на илустрираните прирачници за употреба на вооружувањето, Холанѓаните своето споделување на знаења го подигнуваат на повисоко ниво, со тоа што почнуваат да нудат курсеви по тактика и употреба на вооружување, кои се прифатени и поздравени од голем број земји со силни армии во тоа време, вклучително Германија и Англија. Овој обичај на споделување на знаења, курсеви и инструктори кулминира со основањето на првата воена академија во Сиген. Студиите на оваа воена академија траеле шест месеци и биле наменети за младите офицери да се обучат и да се оспособат во вештините на војувањето, и тоа во областа на тактиката и вооружувањето, на начин на кој го правеле тоа Холанѓаните. Во врска со ова, се забележува дека овој систем на воена едукација допрел и до американските колонии, па така потврдено е дека секој гувернер на Вирџинија во периодот од 1610 до 1621 година, служел под команда на Морис де Насо.

Бојан Миклош

# Историја на конфликтите во Саудиска Арабија



Историските корени на современата историја на Саудиска Арабија нè враќаат во 1744 година кога лидерот на кланот Сауд и религискиот шеик Мухамед Ибн Абд Ал-Вахаб со своите племенски заедници се простирале во областа Најд, денешен Ријадах. Саудиска Арабија е една од земјите во која се развивале корените на исламот како религија. Последователните војни и конфликти помеѓу племенските водачи, Османлиската Империја и британските колонијални сили на Арапскиот Полуостров, го приморале лидерот на кланот Сауд да замине во Кувајт кон крајот на XIX век. Во текот на 1902 година Абд ал-Азис Ибн Сауд (Abd al-Aziz ibn Saud) ја реконсолидирал територијата на денешна Саудиска Арабија и се изборил за нејзината независност во 1932 година, прогласувајќи се себеси за крал. Саудиска Арабија како независна

Во древната историја Саудиска Арабија е позната под псевдонимот „пустинско царство“, па така од пустинско царство во периодот после Втората светска војна бидна една од најбогатите држави во светот благодарение на многубројните наоѓалишта на нафта



# ска Арабија



Воените пилоти на Саудиска Арабија во текот на 16-18 јануари 1991 година извршиле повеќе од 7000 борбени летови во битки, најмногу во градот Рас Ал-Кхафи. Една недела после воздушната започнува копнената кампања од 24.02.1991 година, во која саудиските пешадиски едници, заедно со националната гарда и коалициските сили, успеваат да ги победат и да ги протераат ирачките трупи надвор од територијата на Кувајт



држава се формира преку обединување и консолидација на регионите Нејд и Хејаз во заедничко обединето кралство. Абд ал-Азис Ибн Сауд,кој владеел помеѓу 1932 и 1953 година. По неговата смрт, редот на наследување е по машка линија, односно синови и внуци на Абд ал-Азис ал-Сауд. Неколку години подоцна „Сауд-Вахаби“ воената алијанса започнува со брзо и силно темпо да работи кон воведување на современа технологија и засилена меѓународна интеракција и соработка со странски развиени земји. Меѓународната политика на модернизација на Саудиска Арабија преку обновливите ресурси на нафта резултира со потпишување на билатералниот договор со САД во 1938 година.

Во Саудиска Арабија нема избрани јавни функционери, а владата не дозволува каква било форма на политичка опозиција. Државата е организирана според вахабистичката гранка на сунитски ислам, а законот за шеријатот се спроведува на сите нивоа на општеството. Власта има можност да се предава од владејачките елити до различни верски учители и свештеници. Опстанокот на владејачката елита во голема мера зависи од жалбите на народот, контролите и правилната распределба на приходите добиени од домашната нафтена индустрија. Саудискиот најважен државен закон од 1992 година утврдува дека Куранот и суната го сочинуваат уставот на земјата. Кралот својата советодавна поддршка за добива преку Советодавниот совет кој се стои од 150 избрани политички функционери (Меџис ал-Шура). Саудиска Арабија од својата независност па досега има блиски билатерални односи со Соединетите Американски Држави. Саудиска Арабија има многу затегнати односи со Иран, поради различните верски доктрини, но и поради хуманитарната одоносно невоена поддршка на Саудиска Арабија до Ирак за време на Ирачко-иранската војна од 1980-тите години. Владата на Саудиска Арабија во 1979 година доживува внатрешен државен конфликт и се бореше против JSM (Al-Jamaa al-Salafiyya al-Muhtasiba), салафистичка група која преоѓа во движење, која го практикувала исламското учење хизба. Ова движење ја окупирало големата џамија (Masjid al-Haram) во Мека, Саудиска Арабија, и со тоа иницира конфликт со тогашната влада. JSM е формирана во 1960 година во Медина од група на религиозни студенти кои биле убедени и верувале дека главните училишта на исламот треба да се исчистат од погрешните претпоставки за исламот како религија. Со устоличувањето на кралот Фаисал (Faisal) во 1964 година се појавуват неколку политички движења кои го фаворизираат појавувањето на локалните гранки на исламизмот. Една од нив била Саха, вахабистичко исламистичко движење во Саудиска Арабија. Другата доминантна гранка која се појавила била „отфрлената“ неосалафистичка гранка, која била критична за моменталната состојба на вахабизмот. Оваа отфрлена гранка била идеолошка матрица за формирање на JSM. Студентите кои ја создале JSM биле инспирирани од учењето на Мухамед Насир ал-Дин ал-Албани, научник кој ги отфрлил сите учења за исламската јуриспруденција (студии и теории на исламското право) и промовирал директно потпирање на Куранот и Суна (нормативната традиција на толкување на пророкот Мухамед).

JSM немала официјален лидер, но била раководена од консултативен совет, Мајлис ал-шура. JSM до 1976 година успеала да биде присутна во сите поголеми саудиски градови. Во 1960-тите години духовен лидер на групата бил Абд ал-Азиз бин Баз. По идеолошката фракционизација на групата, Јухајман



Во операцијата „Океански штит" (Ocean Shield) во период 2009-2016 година Саудиска Арабија заедно со НАТО-коалицијата и уште неколку други држави успеваат пиратските напади да ги намалат дури за 90 проценти. Во овој период во Саудиска Арабија владее Абдулах бин Абдулазис Ал Сауд (Abdullah bin Abdulaziz Al Saud)

бин Мухамед бин Саиф Ал-Утаиби (нарекуван Џухајман) се појавил како лидер на останатите делови од движењето. Членовите на движењето биле главно млади момчиња од сиромашните социјални класи, повеќето дојдени од племенските заедници кои биле загрозени од саудискиот процес на модернизација и вестернизација. Дел од членовите на движењето биле странски државјани, главно од Јемен. Во првите години од своето постоење, JSM се фокусираше исклучиво на моралните и верските реформи и немаше експлицитна политичка агенда. Буквалното толкување на верските текстови од страна на ова движење доведе до екстремен социјален конзервативизам и отфрлање на модернизацијата, а дел од интерпретациите на исламската традиција на групата предизвикаа силни критики од страна на религиозните научници во Медина, кои претходно беа сочувствителни кон JSM. Зголемените тензии со другите верски групи и личности доведоа до фракционерство во JSM во 1977 година, при што останаа само најмладите и најрадикални членови, предводени од Џухајман. Името на Џухајман стана синоним за ова движење, а неговите следбеници се нарекуваа меѓусебно „браќа". Рано утрото на 20 ноември 1979 година за време на утринската молитва, членовите на JSM ја окупирале голема џамија и ја проповедале својата порака до верниците. Новопрогласениот духовен лидер Махди бил близок пријател на Џухајман и член на JSM. Неговото верско учење се засновало дека тој е верски месија пратен од Мухамед со цел да го да го исчисти Арапскиот Полуостров од неверниците. Саудиските безбедносни сили реагирале на окупацијата со сила, но не биле во можност да ја вратат џамијата сè до 03.12.1979 година. Во текот на 04.12.1979 година, безбедносните сили на Саудиска Арабија со поддршка од американски и француски безбедносни сили успеваат да го разбијат движењето JSM. Бројот на жртви достигнува неколку стотици, како и многу повредени. Верскиот лидер Махди и лидерот на JSM Џухајман биле фатени на 02.12.1979 година. Од оние кои ја преживеаа опсадата од здружените безбедносни сили на Саудиска Арабија, 63 беа осудени на смрт. Другите беа осудени на долг рок во затвор. После овој настан, движењето JSM станува неактивно.

Воените ривалства кои се појавија во периодот на Студената војна (1945-1990) година, ги зголемија тензиите во Блискиот Исток во текот на 1960-тите години, така што Саудиска Арабија својата енергија ја насочи кон промоција и финансирање на исламските религиозни организации. Сето ова резултираше со развој на две насоки на исламот во земјата, таканареченото „будење" наречено Ал-шахва ал-исламија-движење кое стана саудиски мејнстрим и малубројно религиско движење кое прокламираше буквално читање и толкување на верски текстови и отфрлање на современоста. Вториот пристап стана популарен кај сиромашните религиозни студенти во Медина кои го формираа радикалното движење JCM (JSM - al-Jama'a al-Salafiyya al-Muhtasiba), салафистички групи кои го практикуваа хизба-правецот на исламското учење, загрижени од религиските и морални вредности на реформите на исламот во овој период.

Во текот на мај 1981 година Саудиска Арабија претставува еден од лидерите во формирањето и водењето на политичко-економската алијанса – Совет за соработка на заливот (ССЗ), односно Gulf Cooperation Council (GCC).

Советот за соработка на заливот го формираат следниве држави: Саудиска Арабија, Кувајт, Обединетите Арапски Емирати, Катар, Бахреин и Оман. Формиран е во саудискиот град Ријадах (Riyadh). Покрај политичко-економската



соработка, овој совет ги зацврстува заедничките воено-политички цели и културниот идентитет на земјите од арапскиот свет.
Во 1991 г. за време на Првата заливска војна, Саудиска Арабија заедно со САД мобилизираат вкупно околу 800 000 војници за поддршка на Кувајт од ирачката инвазија. Во оваа војна Саудиска Арабија ангажира околу 200 000 војници. Воздушната стратегија на одбранбен штит „Desert shiled“, која претставува и една офанзивна стратегија во оваа војна, дефинитивно има значајна улога во воздушната воена кампања во која големо учество имаат саудиските воени пилоти. Саудиска Арабија е дел од коалицијата за време на првата интервенција во сомалиската цивилна војна (1992-1995) во која покрај САД, Велика Британија, Германија, Франција и Италија, учество земаат уште над 10 други држави.
По опсежните воени операции коалицијата не успева да го фати кои бројат над 10 држави. Возушната интервенција се должи на поддршката која јеменскиот политички лидер Хади ја доби од Саудиска Арабија, наспроти јеменскиот политички лидер Хоутис кој е поддржан од Иран. Хоутис има поддршка од ИСИС и од Ансар ал-Шарија и други јеменски политичко-воени групи во Јемен. „Ансар ал-Шарија“ е обединувачка организација која се состои од повеќе милитантни исламистички организации од арапскиот свет. Досега се случија повеќе воздушни напади во Јемен, вклучително и во големите градови Сана, Аден и Таиз, како и долж јеменско-саудиската граница. Во воените судири досега загинале околу 500 војници и исто толкав број на цивили.
Саудиска Арабија е држава со највисоко ниво на воени трошоци и увоз на современо оружје на Блискиот Исток. Со ова таа има цел преку осовременување на воените сили и средства да ја зацврсти националната безбедност, а со тоа да придонесе кон поголема регионална Арабија исто така е инволвирана и во други актуелни конфликти, како на пример спроведувањето на поддршка на бунтовничките сили во Сирија, воената асистенција и влијание во Лебанон и конфликтите со шиитските малцински групи во источниот дел на Саудиска Арабија.
Во текот на 2015 година за крал на Саудиска Арабија е назначен Салман бин Абдулазиз ал Сауд, а неговиот син Мохамед бин Салман ал Сауд во 2017 година бил назначен за врховен принц, втора највисока политичка позиција.
Саудиска Арабија е апсолутистичка наследна монархија каде кралот владее со декрет и служи како премиер. Официјалното мото на саудискиот крал е „Чуварот на двете свети џамии“, која се однесува на две најсвети верски светилишта на исламот во Мека и Медина. Имајќи предвид дека природата на конфликтите на Блискиот Исток е мошне комплексна, можеме да констатираме дека истите не можеме







сомалискиот лидер Мухамед Фарах Аидид (Mohamed Farrah Aidid). Саудиска Арабија во периодот 1991-2003 година е дел од коалицијата во операциите на „безвоздушни зони“ насочени кон Ирак, во која заедно со коалицијата успеваат да уништат повеќе воздушни аеродроми, поморски бази итн. Коалицијата брои над 10 земји.
На самиот почеток на Арапската пролет кон крајот на 2010 година, Саудиска Арабија започнува воена интервенција во Бахреин, во коалиција со Кувајт, Обединетите Арапски Емирати и заливските заштитни сили. По кратка воена интервенција опозициските сили во Бахреин се совладани. Во коалициската војна за совладување на ИСИС, Саудиска Арабија учествува од 2014 година до сега. Покрај ИСИС, коалицијата се бори и со терористичките организации „Ал нусра фронт“ и „Кхорасан“. Коалицијата брои над 25 активни држави-учеснички. Во текот на 2015 година се случуваат воздушни напади во Јемен предводени од Саудиска Арабија и коалициските сили безбедност и намалување на конфликтите и војните во Блискиот Исток. Од почетокот на 2015 година до сега, Саудиска Арабија е предводник на коалициските земји во воената интервенција против бунтовничките сили во Јемен. Воената интервенција вклучува воздушни напади, копнени воени операции и поморски блокади на Јемен. Наспроти брза победа и решение на овој конфликт, борбите продолжуваат а бунтовничките сили се обвинети за воени насилства во согласност со меѓународното воено и хуманитарно право. Телата и органите на ООН, како и невладините организации ја предупредија Саудиска Арабија за систематските и континуирани напади на цивилни цели во Јемен. Досега во конфликтот во Јемен има над 10.000 повредени и сегашната состојба овде наговестува дека ќе биде полоша и од хуманитарна криза. Континуираните борби предизвикуваат сериозна блокада во снабдувањето со доволни количини на храна, гориво и медицински средства до загрозените области. Саудиска да ги анализираме преку регионалните конфликти за превласт како Саудиска Арабија со Иран или Саудиска Арабија со Катар. Анализата станува уште покомплексна кога овде ќе се вклучат: Израел, Турција, Обединетите Арапски Емирати и САД. Анализата станува уште покомплексна ако овде се споменат и современите прокси-конфликти во Сирија или Јемен или, пак, директната конфронтација на Саудиска Арабија со нејзините сојузници.
Убиството на саудискиот новинар и колумнист Џамал Кашогина за време на посета на конзулатот на Саудиска Арабија во Истанбул, предизвика лавина од реакции во медиумите на Саудиска Арабија. После оваа случка Саудиска Арабија се насочи кон зголемување на притисокот врз Јемен за конечен завршеток на војната. Високи американски дипломати повикуваат Рајадах да се согласи на прекин на огнот и да партиципира во преговорите со ООН и со Пентагон.

д-р Андреј Илиев




## Најславниот дезертер во историјата на војните

# ВИЕ МРЗНЕТЕ СЕ, ЈАС ЗАМИНУВАМ ДОМА

При крајот на јануари 1942 година, фашистичката „солдатеска“ стигнала на 400 километри од Москва, примарната цел на Хитлер на Источниот фронт. Дел од воените сили, затечени во Белорусија, во близина на градот Орел, очекувале да ја слушнат најавената наредба за следните активности. Собрани пред командата, војниците два часа чекале некој да им се обрати, и кога пред нив излегол еден од старешините, некој од премрзнатите војници му забележал, велејќи дека не е коректно со часови да стојат на студ. Старешината го повикал во штабот на рапорт за ова, а останатите негови колеги продолжиле да тапкаат во место на минус 40 Целзиусови степени. И додека другите тивко мрмореле, капларот Антон Брандхубер се решил на несекојдневен чекор. Одејќи наназад, стасал до полското веце, а потоа, трчајќи тргнал кон блиското гратче, не мислејќи дека ќе стаса до посакуваната слобода, но и дека ќе биде забележан во воената историја на славните. Отприлика вака може да се започне приказната за човекот кој следејќи го внатрешниот порив, направил подвиг кој се посочува како пример како човечноста може да му пркоси на злото и во злогласната нацистичка армија. „Навистина беше нечовечки тоа што ни се случуваше. Додека тие (старешините) седеа во топлата команда, ние обичните војници навистина мрзневме како ѕверови. Чекајќи некој да ни се обрати, низ глава ми поминуваше сета онаа грозота низ која минуваме последните три години. Лутината со која старешината го повика на рапорт оној што го кажа тоа што сите ние го мислевме, беше пресудна да се одлучам на она за што и порано размислував. Кога тргнав, враќање назад немаше...“ Ова е само дел од исказот на храбриот војник Антон Брандхубер, забележан во книгата на германскиот историчар, Николас Старгард.

### Антоне, само напред и внимавај...

За некој да стигне до тоа за него да се напише книга, да влезе во историјата, во филмови и да стане легенда, треба да се изоди пат долг 2.600 километри во окупираната Европа, зимата 1942 година. До гратчето Орел, 14 километри оддалечено од базата на германскиот баталјон, по замрзнат снег, натоварен со ранец и пушка, капларот Антон одел, очекувајќи го мигот кога ќе го стасаат неговите довчерашни соборци. Ако тоа се случи, нема што да се



Среде зима, 1942 година, австрискиот селанец Антон Брандхубер, припадник на Хитлеровата армија, лут на однесувањето на своите претпоставени, без поздрав ја напушта својата единица во Белорусија и по поминати 2.600 километри и шест држави, стасува во Швајцарија. Така, влегува во воената историја како најславен дезертер во човековата цивилизација

објаснува, нема милост. Впрочем, не еднаш и самиот бил сведок како завршувале оние кои ја прекршиле наредбата на врховната команда во Берлин – без судење да се стрела секој што се обидел да дезертира. Тој не се сметал за таков, и Господ му е сведок дека постапил како секој нормален човек. За нецели три години и тој учествувал во неубави работи во Чешка, во Полска и во Белорусија, но никого не убил, ниту навредил. И тоа мошне студено попладне, во белата пустелија во Белорусија, имал грижа на совест бидејќи не реагирал кога неговите пукале во цивили, кога во сточните вагони, како вреќи ги товареле малите Евреи. А, како да реагира кога е германски војник, во поход на Русија.... Пред гратчето Орел се ослободил од пушката и муницијата, ја фрлил и капата, а шинелот го свртел наопаку.

И во гратчето се негови, оние што ги чувале заробените руски војници, но посигурно му било да се вмеша меѓу Русите, да се стокми со облека што ќе му го олесни патот до дома, ако воопшто има дома. Во ранецот имал две пакетчиња цигари, еден леб, две конзерви, ламба и два рала волнени чорапи. Со готовината врзана во платнената торбичка, купил алишта и тргнал кон железничката станица. „Одев и си велев, оди Антоне, оди и внимавај...“. А, може ли да се внимава во пекол на тогашната Европа. На запад неговите Германци и смрт, на исток Руси и, повторно, смрт.
На железничката станица дознава дека возот оди кон Варшава. „Имав среќа. Машиновозачот беше Русин и лесно се договоривме. Јас нему две пакетчиња цигари, тој мене место во својата кабина. Тој е концентриран на шините, јас се преправам дека спијам, а размислувам што ќе се случи кога ќе стасаме во Варшава...“. А, во Варшава, наместо излез од пеколот, влез во него - на главната порта. Перонот заледен, опколен со „до заби“ вооружени есесовци. Капларот Брандхубер повторно има среќа. Локомотивата е подалеку од вниманието на „Химлеровите кучиња“, доволно за бегалецот да се качи во другиот воз, оној кој само што не тргнал за Виена. Тој тоа ќе го дознае кога Варшава останала зад него и кога на влезот во вагонот ги здогледал СС- контролорите.

## Господ и есесовците

Облечен како пропаднат австриски трговец, со документи кои го водат пред стрелачки вод, Антон Барандхубер поминувал од вагон во вагон, очекувајќи да стаса до локомотивата, односно до крајот на своето бегство. Во мигот кога контролорите влегувале во последниот, односно првиот вагон до локомотивата, возот застанал. „Мислам дека Господ се замеша во мојата безизлезност. Возот застана и стоеше таман толку, за да можам да се симнам и повторно да се качам во последниот вагон...“ И така, од Варшава до Виена, капларот Брандхубер четири пати играл „криенка“ со крволочните контролори на сите возови во тогашна Европа. Во возот бегалецот слушнал дека спасот од пеколот се наоѓа во Швајцарија. Во купето на средина на вагонот, еден господин на сопатниците им објаснувал дека ќе се наспие кога ќе стасаат во Швајцарија. „Таму не се пука, нема криење и човек, покрај останатото, на раат може да се наспие“. Значи, треба да се стаса до таа Швајцарија, за која селанецот, капларот Брандхубер слушнал, но не знаел каде таа точно се наоѓа. Тоа ќе го дознае кога ќе стаса во Виена, но

пред тоа, таму прво треба да купи леб, бидејќи три дена поминал со само две конзерви. Приказната на господинот за „мирен сон“ во Швајцарија, му помогнала да го смени науменото, да се врати во своето село Ла ан дер Тај. Знаел дека ако се врати дома, лесно можел да се соочи со бесилка, бидејќи бргу би се дознало дека е дезертер. А глобалното проклетство на дезертерството, познато уште од антички времиња, во Германија, по Првата светска војна, имало тежина на најголемо можно злосторство. Имено, по загубената Прва светска војна, Паул фон Хинденбург, главен командант на поразената германска армија, тврдел дека за поразот во војната вина носат дезертерите. Потпирајќи се токму на тоа тврдење, Адолф Хитлер, наследникот на Хинденбург во канцеларската фотелја, донел наредба, секој дезертер, во мир и во војна да се стрела, без испитување и без судење, без оглед на позицијата во германската армија.
Земајќи ја како животен императив на секој чесен Германец, поданиците на фашистичка Германија оделе дотаму



што самите ги пријавувале своите најблиски во случај на дезертирање. Тоа непишано правило важело и во анектираната Австрија, па и во родниот крај на капларот Брандхубер. „Бев на два часа оддалечен од родното село и долго се премислував дали да рипнам од возот или да продолжам понатаму. Се одлучив за второто, бидејќи знаев дека пред роднините и соселаните со ништо не можев да го оправдам моето враќање од боиштето, здрав и без гребнатинка...“
Воден од помислата дека во Швајцарија нема криење и бегање, Антон пред себе имал дефинирана цел, но и безброј пречки. На железничката станица во Виена купил два леба и друга шапка и одел подгрбавен, за да не им биде сомнителен на есесовците коиварделе на патниците. Во возот кон Инзбург



на кој стореното ќе му се признае со задоцнување од неколку децении. Од документите што ги нашле во ранецот, швајцарските воени власти утврдиле дека чудниот патник што пристигнал со возот од Германија не мамел за својот идентитет, но не можеле да поверуваат во неговата фантастична приказна. Ни нив, ниту на историчарите не им одело во глава дека некој, во најстудена зима во Втората светска војна, во 1942 година, може да стаса од Орел во Белорусија до Букс во Швајцарија, а притоа да биде каплар во германската фашистичка армија. Но, и едните и другите пресметале дека истиот тој Антон Брандхубер поминал 2.600 километри и шест држави за да стаса во историјата на најхуманите воени подвизи во нашата цивилизација. Впрочем, во книгата „Германска војна“, на историчарот Николас Старгард, во која се забележани неверојатни судбини на обичните луѓе во Втората светска војна, приказната на капларот Брандхубер зазема централно место. Благодарејќи му токму на историчарот, селанецот Антон, дури шест децении по војната, дочекал јавно признание за хуманиот гест да избега од војната, ставајќи го животот на коцка.

Познато е дека по војната, се вратил во родното село и сè до смртта во 2005 година, продолжил да се занимава со земјоделство, да одгледува крави и два расни коњи. Оставајќи ги настрана романтичните додатоци на неповторливиот подвиг на австрискиот селанец Антон Брандхубер, еден податок од неговиот воен животопис најдобро покажува за каков човек станува збор. Имено, на прашањето на историчарот Старгард во 2001 година, што смета за највпечатливо во својот подвиг, Брандхубер одговорил: „Па секако, тоа што целиот тој пат го поминав со три леба и две конзерви“.

и Блуденц, влегол без задолжителни документи, но со исправен билет. „Сето време стоев во ходникот на средина од вагонот и бев концентриран за да тргнам спротивно од контролорите. Во еден миг забележав дека од двете страни влегуваат СС-офицери и мислев дека е тука крајот на моето бегање. За моја среќа, во купето лево од мене дојде до расправија помеѓу контролорите и некој од патниците. Привлечени од тоа, и контролорите од мојата десна страна тргнаа токму кон тоа купе, со што ми го ослободија патот кон следното купе. И денес мислам дека Господ пак се замеша на моја страна...“ И, така, во наредните три дена, Господ се замешал уште три пати, давајќи му можност на Антон да го одбегне директното соочување со СС-офицерите.

### Човекот мами или е мрднат...

Во мугрите на 27 февруари 1942 година, на железничката станица во гратчето Букс во Швајцарија, од возот се симнале неколку патници, а меѓу нив бил и несудениот освојувач на Москва, капларот на Вермахт, Антон Брандхубер. Не чекајќи да дојде на ред за задолжителна контрола, директно тргнал кон офицерот со најголем чин, велејќи му дека сака со него да позборува. Војниците од придружбата на офицерот му го зеле ранецот и по краткиот претрес го одвеле во воената канцеларија. „Се викам Антон... и побегнав од рускиот фронт“, ја започнал својата приказна најчудниот дезертер од фашистичката германска армија. Офицерот и војниците со внимание го слушале исказот на човекот кому тешко можеле да му се одредат годините, а уште помалку да му се поверува дека е германски дезертер. Кога исказот го завршил со зборовите „Јас имав толку да кажам, вие сега правете го тоа што мора да се направи“, офицерот се свртел кон еден од подредените, велејќи: „Човекот мами или е мрднат“. А ,човекот, Антон Брандхубер, ниту мамел, ниту бил мрднат, туку херој

Миле Раденковиќ

## ДЕЗЕРТЕР, НАРОДЕН ХЕРОЈ

Сонародникот на јунакот на нашата приказна, Фриц Шменкел, е единствениот воен дезертер што е прогласен за народен херој. А, апсурдот да биде поголем, тој, како Германец бил закитен со најголемо воено признание на некогашниот Советски Сојуз. За разлика од Брандхубер и стотина други воени дезертери, Шменкел пребегал од германската и ѝ се придружил на советската армија, на дело потврдувајќи ја својата омраза кон фашизмот во сопствената татковина. Кога во раната пролет 1942 година ја напуштил германската 186. противтенковска дивизија, Шменкел со денови лутал на истокот од Русија. Бидејќи не знаел ни збор руски јазик, на патот кон некоја единица на руската армија, постојано ги повторувал имињата: Ленин, Сталин, Телман. Со таа и тогаш и денес препознатлива антифашистичка лозинка, без



проблем поминувал низ руските села и стасал до црвеноармејците. Се разбира, Русите се сомневале во неговата приказна и постојано го варделе и оставале без оружје. Недовербата кон него престанала по една жестока пресметка со Германците, по која, освен оружје, Фриц бил поставен за командант на диверзантска единица. За две години во руската армија направил повеќе подвизи, придонесувајќи за големите победи на единиците на маршалот Жуков. Во есента 1944 година, учествувајќи со уште двајца диверзанти во една акција во позадината на германската армија, бил заробен, а потоа јавно погубен на плоштадот во Минск во Украина. По војната, Русите го закитиле со Ленинов орден, најголемото руско одликување, а потоа го прогласиле и за херој на руската ослободителна борба. И двете одликувања ѝ биле врачени на Ерна, сопругата на Фриц Шменкел.






Организациската структура на Организацијата на резервните офицери на Р. Северна Македонија ја сочинуваат 22 ООЕ кои ја покриваат целата територија на единиците на локалната самоуправа. Сите тие имаат свои специфики и карактеристики во содржините, формите и методите на работа со членството

# Општинска организација на ОРОРМ Делчево

Во овој број на „Штит“ ви ја претставуваме ООЕ на ОРОРМ Делчево, на чие чело речиси една деценија се наоѓа Светлана Илиевска. Со госпоѓа Илиевска разговаравме за поголем број актуелни прашања од доменот на ангажирањето на ООЕ Делчево. Во текот на 2018 година, во вкупните содржини биле вклучени над 100 членови, што претставува значаен резултат кој, всушност, е убав пример за ангажирањето на другите ООЕ на ОРОРМ. На прашањето, на што се должат успешните резултати во работата, таа нагласи: „Успесите се должат на повеќе фактори, како посебната грижа при изборот на активистите во раководствата од базично, па до општинско и до републичко ниво. Пред мојот избор за претседател на ИО, Организацијата успешно ја водеа Васко Станковски и Драго Стоименовски, а сегашниот состав на ИО е постојано мобилен во планирањето, организирањето и целокупната реализација на содржините во годишните програми за едукација, обука и негување на слободарските традиции. Традиционално, добра соработка во негувањето на слободарските традиции се остварува со Општинскиот одбор на СЗБ од НОАВМ. На сите одбележувања на значајни настани и личности од минатото, со резервните офицери учествуваат и претставници на СЗБ“. Илиевска посочи на повеќе активности, како локалните маршеви, гаѓањата со пешадиско оружје и државниот натпревар со пиштол 7,62 мм, а посебно внимание заслужуваат: одбележувањето на Разловечкото востание и на Февруарскиот поход. ООЕ на ОРОРМ Делчево остварува мошне добра соработка со локалната самоуправа на чело со градоначалникот Горан Трајковски, како и со ПСК „Голак“ од Делчево. Во разговорот се актуелизираа и други значајни прашања, како што е унапредувањето во повисок чин, кое во последните 20-тина години е запоставено. Ова е посебно значајно и во корелација со интензивираните активности на МО и АРМ за утврдување на конкретна воена формација која ќе ги претставува резервните сили. „Меѓу приоритетните активности за 2019 година спаѓаат: одржувањето на 2 трибини на значајни теми („Улогата на големите сили во геополитиката на Балканот“ и „Сајбер-безбедносните закани во регионот и можностите за одбрана во рамките на системот за безбедност“), како и воспоставувањето на соработка со една општинска организација од соседна Р. Србија, со што нашите содржини во работата ќе ги збогатиме и со меѓународна димензија“, нагласи на крајот од разговорот претседателката Светлана Илиевска.

Живко Трајановски



# „Ловец на убиец“

Во априлскиот број на „Штит“ ве носиме во морските длабочини на Баренцовото Море, северно од пристаништето „Полиарни“, со уште една приказна за вечните ривали и воени сили – САД и Русија. „Ловец на убиец“ (ориг. Hunter Killer) е холивудски филм на режисерот Донован Марш, а е снимен според новелата „Точка на истрел“ на Дон Кит и Џорџ Валас. Оваа фиктивна, современа приказна се концентрира на екипажот на една мала американска подморница кој е пратен на невообичаена и непланирана мисија – да го спаси рускиот претседател од рацете на руската армија.

## Невозможна мисија

Сè започнува во студените води на Арктикот кога американската подморница „УСС Тампа беј“ исчезнува од американските радари додека следи една руска подморница од класата „Акула“. За да дознаат што побрзо што се случува, адмиралот Џон Фиск го собира екипажот на подморницата „УСС Арканзас“, предводен од капетанот Џо Глас, да се упати кон последната локација на исчезнатата подморница и да спроведе истрага. Претчувствувајќи опасност од рускиот ривал, адмиралот истовремено испраќа и копнен тим од четворица специјалци кон руската поморска база „Полиарни“, да направат извидница и да се обидат да откријат доколку има некакви сомнителни случувања и движења. „Арканзас“ стигнува брзо до последната позната локација на нејзината „сестра“, за да открие дека „УСС Тампа беј“ е всушност торпедирана, а целиот екипаж е мртов. Но, она што не очекуваа да најдат е уште една подморница – руската „Акула“ која, исто така, е потопена, а во неа има тројца преживани, вклучувајќи го и рускиот капетан. Истовремено, копнениот тим пристигнува во „Полиарни“ и започнува со набљудувањето на теренот. Времето на исчезнувањето на двете подморници се совпаѓа со доаѓањето на рускиот претседател Николај Закарин и на министерот за одбрана Димитри Дуров во пристаништето. Обидувајќи се да разберат каква е нивната улога во неодамнешните подводни случувања и сигурни дека поклопувањето на времето на средбата на двајцата политичари и несреќата не е коинциденција, тимот доаѓа до неочекувани сознанија. Направените снимки укажуваат дека министерот Дуров, всушност, извршил воен удар и го киднапирал претседателот Закарин. Убедувајќи ја армијата дека наредбите доаѓаат токму од претседателот, преку саботажата на руската и нападот на американската подморница, Дуров всушност сака да започне Трета светска војна. Овие информации комплетно ја менуваат мисијата на двата тима. Во обид да се спречи непосакуваниот судир меѓу двете светски сили, САД се одлучуваат на невообичаен чекор: она што требаше да биде истражна мисија, сега има нова









цел – копнениот тим од специјалци да го киднапира, односно да го ослободи рускиот претседател, а „УСС Арканзас“ да го преземе од пристаништето во „Полиарни“ и да го пренесе на сигурно за да може повторно да ја преземе должноста. За да го направат тоа и двата тима мораат да поминат преку силно вооружената руска војска и низ непробоен сензорен ѕид, што оваа мисија ја прави речиси невозможна. Доколку мисијата е неуспешна, САД ќе го активира планот „Б“ – напад на Русија, на тој начин остварувајќи ја целта на Дуров.

## Партнерство и ривалство

Капетанот Џо Глас не е типичен капетан. За него знаеме дека преживеал страшна несреќа која се случила на првата подморница на која служел и како емотивен товар тој го носи тоа со себе целиот живот. Токму тоа го прави навидум затворен и студен, но е човек кој зад себе има огромно искуство и кој дејствува не според книга, туку според инстинкт и процена. Пред да стане капетан тој служел во собата со торпеда, на сонарот, навигацијата, на сите позиции во една подморница, па така, многу добро знае низ што минуваат неговите луѓе. Тој знае што му прави на човек престојот во темните и студени длабочини на морињата, дишењето на истиот застоен воздух и неможноста да се земе свеж здив воздух со недели и да ја вреднува секоја минута помината на отворено.
Во овој филм, Глас е портретиран како типичен американски воен херој. Најпрво, наспроти негодувањата на членовите на неговиот екипаж да ги извлечат преживеаните руските морнари, тој одлучува да ги спаси. Токму таа одлука, како и одлуката да му верува на рускиот капетан, се покажала како круцијална за успехот на мисијата. Без поддршката на рускиот капетан, „УСС Арканзас“ никогаш не би можел да помине низ сонарите и минските полиња во заливот на „Полиарни“. Од друга страна, пак, стариот капетан Сергеј Андропов, кој доколку би биле на иста страна, по годините и искуството веројатно би бил ментор на Глас, е недоверлив кон американскиот колега. Вистински патриот, принципиелен и дисциплиниран, Андропов никогаш не би извршил предавство на сопствениот народ, па и по цена на неговиот живот. Иако најпрво му оди тешко да ја прифати идејата дека неговата подморница била саботирана, а не торпедирана, подоцна одлучува да соработува со Американците за да го спречат воениот удар. Иако ривали, невозможно е да не се забележи заемната длабока почит меѓу двајцата капетани.



## Американските херои

Адмиралот Џон Фиск е уште еден од главните протагонисти и таткото на „лудата“ идеја да го „киднапираат“ рускиот претседател. Убеден во способностите на својот тим, тој верува дека мисијата е возможна, иако се чини дека е единствениот кој ја има таа верба. Доволно е храбар да ги презентира и да ги протурка своите идеи кај претседателката Довер и нејзините најблиски соработници, а на крајот, токму тој е можеби и „виновникот“ за посакуваниот исход.
Првиот офицер Брајан Едвардс, десната рака на капетанот Глас е младо момче кое својата позиција ја заслужило токму со следење на правилата како од книга. Служи како пример за морнар, но ситуацијата во која се наоѓаат не бара следење на правилата и прописите, напротив, бара искуство и обиколен пат за да се оствари целта, она кое не е запишано во книгите и учебниците. Затоа, Едвардс и Глас се секогаш спротивставени во нивните ставови, Едвардс секогаш ги преиспитува и се противи на одлуките на капетанот, но како примерен војник, ја почитува хиерархијата и авторитетот. „Кое чувство е поубаво, Едвардс – да бидеш во право или да бидеш жив?“ Вака капетанот Глас ќе му укаже на првиот офицер дека искуството, ризикот и довербата често вредат повеќе од почитувањето на правилата. Секако, меѓу ликовите-херои се и четворицата специјалци кои влетуваат директно во канџите на истренираната руска војска и чиј братски однос е невозможно да не се забележи, нивната меѓусебна грижа и заштита, професионалност, храброст и посветеност.Фактот дека станува збор за две супер сили кои си парираат во моќта, ресурсите и борбените капацитети, веројатно е и причината што односите помеѓу САД и Русија се секогаш на здрава дистанца. Токму постоењето на тивка нетрпеливост која следи со повеќедецениската Студена војна е инспирација за многу воени филмови, повеќето од нив продукции на Холивуд. Овој филм е далеку од „блокбастер“, но, со одличен визуелен резултат, позната актерска екипа и солидно подредена и развиена приказна, „спакувана“ во жанрот на акционен трилер.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Donovan Marsh

**Улоги:** Gerard Butler, Gary Oldman, Linda Gardellini, Toby Stephens

**Сценарио:** Arne Schmidt, Jamie Moss

**Монтажа:** Michael J. Duthie

**Музика:** Trevor Morris

**Година:** 2018

**Времетраење:** 121 минута

**Земја:** САД




# Планински велосипедизам

Планинскиот велосипедизам станува сè позастапен спорт во Република Северна Македонија бидејќи постојат илјадници вонтеренски (off-road) и крос-патеки.
Велосипедизмот, покрај пливањето, е еден од спортовите кои ангажираат најголем број на мускули во нашето тело.
Планинскиот велосипедизам започнал во 1970-тите години.Овој спорт е одлична комбинација за сите љубители на природата и велосипедизмот.
Овој тип на спорт е одличен за сите авантуристи кои сакаат предизвици и се подготвени да го истражуваат теренот. Искачувањето и спуштањето по планините или ридските предели воопшто не е лесно, но е многу возбудливо. За планинскиот велосипедизам е потребен добар велосипед, специјално дизајниран за овој спорт.
Планински велосипедизам ги зајакнува мускулите на нозете и стомакот, попатно ги подобрува вештините за координација. Тоа не е само форма на вежбање, многу добро му годи и на умот и на ментално здравје.
Што се однесува на калориите, со еден час возење се согоруваат 500 – 600 калории. Употребата на оваа корисна направа со време делува на подобрување на функцијата на срцето и на крвотокот. За успешни резултати најдобро е велосипедот да се вози во природа, каде што организмот ќе внесе доволна количина кислород.
Секој планински клуб изнајмува велосипеди и организира регионални тури за планински велосипедизам и помали локални тури. Велосипедски патеки се прават и надвор од урбаните средини, а интересот за планински велосипедизам енормно расте. Некои патеки за велосипедизам во планина се долги и повеќе од 30 километри.
За овој спорт најважно е да се поседува спортски и натпреварувачки дух, бидејќи така станува уште подобро и повозбудливо, и секако, доаѓаат поголеми предизвици.
Патеките нудат фантастично велосипедско искуство со уживање во најубавите пејсажи и панорами на планинските села со архитектура зачувана од минатото и на бистри како кристал глацијални езера и изобилство на флора и фауна, ендемични за овие единствени балкански планини.

Кристина Илиевска


CRAFT
ROCKY MOUNTAIN
MAXXIS













